ЗА ИЛИОН, МАКЕДОН И МАКЕДОНИЗМОТ НИЗ ВЕРАТА

“ЈАС СУМ МАКЕДОНЕЦ, СО МАКЕДОНСКА СВЕСТ, И КАКО ТАКОВ СИ ИМАМ СВОЕ МАКЕДОНСКО ГЛЕДИШТЕ ВРЗ МИНАТОТО, СЕГАШНОСТА И ИДНИНАТА НА МОЈАТА ТАТКОВИНА..“

(К.П. Мисирков е македонски филолог, кодификатор на македонскиот литературен јазик и правопис, македонист, историчар, етнограф. Крсте Петков Мисирков е роден во ноември 1874 - 26 јули 1926 година во селото Постол, Ениџевардарско во Егејска Македонија. Селото се наоѓа недалеку од античката македонска престолнина Пела).

Долгогодишното истражување и проучување на артефакти низ целата Земјина топка, ни дава неисцрпен материјал за понатамошни истражувања и констатации, кои се однесуваат на положбата на Македониа, како центар на Македонскиот Полуостров, а пак тој е центар на Зета Македонија Европа.

Македониа не е само географски во центарот на Зета Македониа Европа, туку таа е во центарот на изворот на светската култура, јазик и писмо, со најстаро име и држава на светот и на сите пет континенти. Македониа е ИЗВОР НА НАУКАТА, ЈАЗИКОТ, ПИСМОТО И ВЕРАТА.

ИСТРАЖУВАЊА

ОГРАНИЧЕНИОТ УМ НА ЗАПАДНИТЕ АНАЛИТИЧАРИ ЗА КАТЕГОРИЈАТА ВРЕМЕ И МАКЕДОНСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА

- „СЛЕПЕЦ СЛЕПЦИ ВОДИ“

Времето може да се дефинира како линија во континуитет на нештата, и тоа во **неповратно** минато, сегашност и **непредвидлива** иднина, базирано на умот и разумот. Врз основа на разумот се потсетуваме на минатото, а како доказен материјал ни служат сочуваните артефакти и записи. Умот го користи записот за да ја претпостави иднината.

Во физиката времето е физичка величина која се одредува според движењето на небеските тела. Времето е и димензија за следење предмети или суштества од нивното создавање едно по друго, од раѓање до смрт. Пред сé, времето е мерлива единица.

Според првите доказни материјали за постоење на умен човек, минувањето на времето било во тесна врска со неговиот опстанок. Движењето на сонцето и месечината и смената на четирите годишни сезони се првите начини со кои се мери и одредува времето.

Македонците од древноста времето го одредуваат како кружно движење на четирите временски циклуси, но и со линеарно движење поткрепено со цифри и слова. Времето го чувствуваат како историска појава, за разлика од конфуцијанското и христијанското подоцнежно сфаќање, кои на времето гледаат само како движење во линеарна смисла.
М. Елијаде, македонското архајско сфаќање на времето го спротивставува со наводно „западно историско“ сфаќање на времето, иако историјата е воспоставена уште од македонскиот исконски камен период.

Западните истражувачи немаат вистинита претстава за време, и времето отпочнуваат да го мерат од појавата на Исус Христос, сместувајќи ги сите предходни дострели за нешто што треба да биде сметано за „пред наша ера” или ера без историја, а тоа всушност е македонска историска ера. За да добиеме јасен увид во кој конкретен временски период од таа македонска ера некој натпис е создаден низ истражувањава, ерата ќе ја именуваме како македонска ера пред и по појавата на христијанството, а не наша и пред наша ера.

Сл. 567.„Првиот образовен систем“ Зета Македониа Наниа Laugerie Haute, (денес таканаречена Франција), 15,000 години македонска ера пред појавата на христијанството (види стр.216)

Западаните аналитичари, како и домашните таканаречени научници, како нивни следбеници а и нашите соседи со својот ограничен ум, а воедно и нелогичен научен пристап, враќајќи се во историјата наназад не ги зема во предвид достигнувањата во науката, уметноста и развиена писменост на Македонскиот народ во сите временски периоди и во континуитет до денес. Не ги зима во предвид ни денешните откритија од археологијата и други научни дисциплини, кроејќи сопствена култура која нема корен, втемелена без логика, нема ниту претстава за времето како мерлива единица за создавање едно врз друго.

Доколку времето е циклично кружно движење, тоа не би можело да има почеток ниту пак крај, што значи тоа е вечно односно бесконечно. На тој начин не би можеле да дефинираме ниту што е старо? ЧОВЕШТВОТО НЕМА СТАРОСТ ЗАТОА ШТО НЕ ЗНАЕМЕ КОГА ПОЧНАЛО И КОГА ЌЕ ЗАВРШИ.

Единствена потврда ни се материјалните докази и остатоци. Засега временски најодалечен доказ ни се записите на коска пронајдени во Билзингслебен[492] (територија на сегашна Германија) односно Зета Мадонија-Македониа. Записот на коска е првиот доказ за постоење на македонско писмо, јазик и цивилизација од пред 400.000 години. Со тоа не смееме да го занемариме тој факт и притоа да го сметаме за неважен, нецивилизациски и да го сместиме во нешто што е пред наша ера, дивјачки, неандарталски, односно да не го сместиме во историско време.

Сл. 568 „Дух божји Македон - сказалка на времето“ Билзингслебен (Bilzingsleben), Зета Мадонија – Македониа, Лужице (денешна Германија) пред 400.000 години, македонска ера до денес.

[492] стр. 183.

Сл. 569 Со овој прочит а и многу други, кои се наоѓаат во книгата „Зета Македониа“, докажуваме за постоење македонска држава на денешна територија наречена Германија.
„Тешту востани“ Пештера Vogelherd, Зета Мадонија (во југозападниот дел на денешна Германија) пред 40.000 г. македонска ера пред појавата на христијанството (стр.186)

Еден од најверодостојните сведоштва за тоа како идејата за категоријата време ја воспоставиле Македонците уште пред 6.000 мкд.е.пред.п.хрис.[493] Всушност, на една глинена плочка (пронајдена во Зета Мадонија – денес наречена Романија, територијата по течението на реката Дунав, според писмени остатоци наречена е „Мадонија“ или Македонија), претставени се Македонските теории, за кружното движење на временскиот циклус од четири годишни сезони, линеарна вечност од земјата кон вселената и со писмо ЦУТНО (денешната кирилица). Плочката го содржи историскиот запис: „ТЕШТУ СОНЦЕ ИТАЈ. ТИ ИЛ ПРОЛИ ГИ СОНЧЕВИТЕ ЗРАЦИ ВО ТРИ ПРОЛЕТНИ МЕСЕЦИ“. Овој запис дел е од македонската наука, претставена преку монотеистичката вера во Богот Сонце ИЛИ. Овој запис заедно со стилизираната форма на сонцето претставува КЛУЧ НА ВРЕМЕТО.

Сл. 570 „Амајлија од глина“
(Зета Мадонија – денес наречена Романија, македонска ера пред 6.000 мкд.е.пред.п.хрис. пронајдено на десниот брег на Бистрита.)

Овој текст недвосмислено ја пренесува научната мисла за времето. Тешт е стариот Македонски господар, старото сонце или најдолгата ноќ. Тештот ја персонифицира годината во изминување а тоа е денот XXII-ри декември. По изминати три дена или на XXV- ти декември ноќта ќе се намалува а денот ќе се зголемува, кога ќе воскресне младото сонце или новиот Зет. Истата погоре спомената споредба за противречностите и парадоксите во однос на времето, може да ја користиме и кај предметите. Постои изрека „старо злато“. Веднаш ќе се запрашаме дали постои „старо злато“.

[493] Види страна 170

Златото како метал нема старост, димензијата време не влијае на златото. Од металот злато ако го обликуваме во форма, во мигот на раѓање на формата, на злато му се вдхнуваме душа. Душата на предметот ја оформуваме со уметничкиот израз. Од тој миг, предметот со одредена душа, почнува да старее, но металот сé уште нема старост. Металот злато во одреден временски период, може да ја смени својата физичка форма или вдахнатата душа, но во друг временски период со помош на Бог Сонце ИЛИ или со помош на Господарите - Владетели Македонци ќе реинкарнира во друга форма со друга душа –уметнички израз.

Сите форми во природата ги раѓа Мајката Земја со помош на уметничкиот израз на божјата душа во облик на сончев зрак ИЛ, вдахната во секој новороден предмет.

Основната карактеристика на македонскиот народ е тоа што тој е: Словесен, словосвесен, словогледен, тоа се луѓе СЛОВОВЕДИ, но во ни еден случај не се Словени. „Словени“ не е термин за народ, тоа е опис, особеност на македонскиот народ што тој како карактеристика ја оставил низ времето. Исконското име за денес наречените словени е името Македонци. Сличен е терминот што погрешно се употребува за измислениот народ „ГОТИ“ или „ГОЈДЕЛИК, Терминот „ГОТ“ на македонски значи СКОТ, односно СТОКА. Ден-денес во охридскиот дијалект се употребува терминот ГОЈДО со значење говедо. Од зборот ГОЈДО произлегува и зборот ГАЈДА [494].

Врз основа на ова, можеме да кажеме дека таканаречените западни принципи и гледишта на историјата, која е тесно поврзана со категоријата време, запаѓа во противречности, кои доведуваат до парадокси и бесмислици. Претставата дека современите таканаречени Грци се потомци на таканаречените антички Грци, кои не постојат, е конструкција на европските интелектуални радикални кругови во 18 и во 19 век. Всушност името „Грци“ за прв пат бил употребено од Римјаните, нарекувајќи една мала група на племенска заедница од семитско-арапско население, кои биле крадци и измамници. Овој термин е употребен од западната наука за да измисли современи Грци, кои ќе бидат потомци на имагинарните антички, за да ги идеализира како основоположници на европската демократска историја, а парадоксот е тоа што, всушност, државата Грција е формирана 1832 година. Сите општествени појави пред тој датум, се создадени од народ кој не се викал со името Грци туку единствен познат народ биле Македонците. Оваа криминализирана историја западните „научници“ ја пласираат со гордост.

Изгледа дека погрешните уверувања, согледувањата и интерпретациите на целокупните цивилизациски достигнувања од минатото се провлекуваат и репродуцираат до денес. Но, противречностите сè сеприсутни од аспект на тоа што, доколку една држава е новоформирана вештачка творба, не би можела да го понесе со себе и „багажот” од некое минато што не ѝ припаѓа, затоа што не постои во минатото. Следствено, термините: „Старите Грци“, „Стариот грчки јазик“, „Старата грчка филозофија“, „Грчка митологија“, „Старото грчко писмо“ и други, се бесмислени, бидејќи нешто за да е старо треба да помине извесен временски период, односно да ја помине линијата во континуитет на нештата, затоа што и ние луѓето не сме стари во моментот кога ќе се родиме, како во случај со денешна Грција.

Постојат и некои теории за категоријата време кои ја земаат можноста низ него да се патува, односно да се движиме напред и назад во различни точки. Некои интерпретации на патување низ времето, сугерираат дека патувањето во минатото може да го одведе патникот во паралелен универзум, чија историја ќе почне да се менува од моментот кога

патникот ќе пристигне во минатото. Но, сè уште не се знае дали законите на физиката ќе дозволат патување во минатото. Засега, теориите за патување низ времето се во доменот на научната фантастика. Научна фантастика е можноста да постојат стари Грци. Народот пред 1832 г. со сите културолошки достигнувања како историја на светот се Македонците во нивната држава Македонија. Овој „научен“ срам што го пласираат западите теоретичари е без исклучок, уште посрамен за таканаречените „научници“ од источниот блок, во кој спаѓа и научната мисла кај некои Македонци, кои слепо ја прифаќаат измислената лага, се отсликува во композицијата „Слепец слепци води“ од Питер Бројгел.

[494] Види стр.56

Сл. 571 „Слепец слепци води“ - Питер Бројгел

На овој начин се губи македонскиот идентитет во Зета Македониа Европа, во времето и просторот. Се губи континуитетот на македонскиот народ во сите новоформирани племенски заедници (држави) во Европа. Се губи европската историја. Се губи основата на европската култура, како луѓе дојденци од никаде.

„ИНДОЕВРОПСКИ ЈАЗИК“ – ЛАЖЕН КАБИНЕТСКИ ТЕРМИН ЗА ДА СЕ ИЗБРИШЕ ВИСТИНСКОТО ПОТЕКЛО НА ЈАЗИЦИТЕ, КОИ ВСУШНОСТ ПОТЕКНУВААТ ОД МАКЕДОНСКО - ИСКОНСКИОТ ГОВОР ОД НАЈМАЛКУ 400.000 ГОДИНИ.

“ЈАС СУМ МАКЕДОНЕЦ, СО МАКЕДОНСКА СВЕСТ, И КАКО ТАКОВ СИ ИМАМ СВОЕ МАКЕДОНСКО ГЛЕДИШТЕ ВРЗ МИНАТОТО, СЕГАШНОСТА И ИДНИНАТА НА МОЈАТА ТАТКОВИНА...“

(К.П.Мисирков)

Таканареченото семејство на „ИНДОЕВРОПСКИ јазици, произлезено од народ кој живеел од Шкотска, па сé до Индија, денес не постои, иако јазикот се задржал..“

Според научниот свет, вклучен во дневно политички теми од денес таканаречените држави: Германија, Франција, Англија и други, „Индоевропскиот јазик претставува најраширен јазик, и тоа во Европа и Азија“. Оваа теза е слепо прифатена од домашните експерти, поради неинформираност, непрецизност на мислата, невнимание или незнаење, а за верификување на нивните докторски дисертации. Со тоа завземаат општествено-политички позиции за остварување на ситни сопствени интереси. Таква цел имаат и денес новоформираните соседи, уништување на македонскиот карактер на сопственото потекло. Гледано пошироко, иста таква цел ја имаат и сите новоформирани народи во Зета Македониа Европа и Зета Македеониа Востаниа.

Водечката научна мисла во светот со векови го има приматот во Зета Македониа Европа. Меѓу другите сознанија, западна Македонска Зета Европа формира став и за потеклото на сопствената култура. Западните теоретичари во нивните толкувања се раководат само со една цел а таа е, УНИШТУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ КАРАКТЕР НА НАУКАТА, јазикот и писменоста, претставена преку македонската монотеистичка ВЕРА „ПРАВОСЛАВНА“. На овој начин не само што ги брише македонските научни вредноси, туку го брише и сопственото потекло како народ. Врши уништување и на сопственото име и тоа преименувајќи се со имиња на човекови особини, топоними хидроними и др., а со тоа прераснува од народ во помали племенски заедници.

Примерите се следниве: „народ Готи“, (со значење говедари), народ Срби (со значење слуга, сервисер или серб), или имиња на топоними (како на пример римјани, „римски народ“, термин добиен од градот-држава Рим), хидроними (како на пример „народ“ кој живеел по течението на реката Волга, наречени Волгари - Болгари или Бугари) и др. Така преименуваните племенски заедници, поддржани од католичката црква, како организација формирана за уништување на македонската монотеистичка вера, научниот свет го менува името и јазикот прогласувајќи го за

„ИНДОЕВРОПСКИ“, а црквата ги менува религиозните практики, извртувајќи ја македонската монотеистичка вера, прогласувајќи ја за паганска и многубожја. [495]

Тенденција на науката е уништување на сопствениот корен и ген македонски, вкоренет кај сите денес новоформирани држави во Европа (оргиналното име е Зета Македониа Европа), Азија (Зета Македониа Востанија), Америка (Зета Македониа Прекуокеански ЦУТ), Африка (Зета Македонија Лом Божји) и Австралија (Зета македонија Лом на Дон).

Што е тоа што придонело за откажување од самите себе? Тоа е поради ВЕРАТА во единствениот БОГ Сонце „ИЛИ“. Тоа е првиот ЈАЗИК БОЖЈИ, во минатото нарекуван **реч** божја или СЛОВО БОЖЈО, и тоа е писмото божјо ЦУТНО наречено по Св. Кирил - КИРИЛИЦА. Овие три вредности на Македонците, кои живееле на сите пет континенти одеднаш, претставуваат трн во око на самите одродени Македонци.

Повторно! Зошто се откажуваат од овие божји светости кои се дел од самите нив? Тоа е поради фактот, што Бог Сонце ИЛИ комуницира со своите синови Македонци кои живеат само на Македонскиот Полуостров (Балканот) со центарот МАКЕДОНИА[496]. Целата божја наука со јазикот и писмото пристига од самиот Бог Сонце преку светлоста, обожествениот Зет-Хермес, и новородената жива природа „ИС“, новороденчето син божји – Македон. Зетот го претставува божеството ИЛИ на Земјата и владетелот на неписмените одродени браќа во Зета Македониа Европа, Зета Македониа Востаниа, Зета Македониа Прекуокеански ЦУТ, Зета Македониа АР на МА (северна Африка), Зета Македониа Лом Божји (Јужна Африка) и Зета Македониа Лом на Дон (денес таканаречена Австралија).

Оваа вкоренета меморија во генот на Македонците со илјадници години од пред најмалку 400.000 г., претставува главниот мотив за уништување на сопствените македонски корени. Самите тие одродени Македонци низ целата Земјина топка, од дното на душата се однесуваат со презир кон сопствениот Бог Сонце ИЛИ, сопствениот јазик и писмото ЦУТНО - кирилицата македонска. Уште од камениот период во континуитет до денес, одродените браќа се обидуваат тие три светости да ги избришат, но сета нивна неколку илјадалетна борба со самите себе е неоствaрлива, голема и неунишштива. Македонскиот ген во сите сегменти од животот на сите пет континенти, кај сите луѓе во светот е божја искра, божја молња, божја МА, божји Дон, , божји Зет, божји Хермес. Таа божја искра, која се содржи во сите новоформирани дијалекти произлезени од македонскиот јазик во Зета Македониа Европа (како „латинска, германска и словенска“ група на дијалекти), се содржи и во сите новоформирани подоцнежни писма, како и во сите подоцнежни религии произлезени од македонската монотеистичка вера. Сето ова е основа на светската историја и темел на светската наука и култура, што недвосмислено ни укажува на фактот дека народот кој живее од Шкотска - Зета Македониа Островска до источна Кина – Зета Македониа Востанија, претставуван од западната наука како „ИНДОЕВРОПСКИ НАРОД“, е всушност народ македонски и тоа од пред 400.000 г. во континуитет до денес, на сите пет континенти. Доказите се очигледни, усмени преку јазикот, писмени преку многубројните создадени словарници во Македонија и илјадници цртежи во пештерите (како божји храмови) со натписи „Зета Македониа“ пронајдени на сите пет континенти. Еден од најверодостојните докази се новоформираните религии произлезени од токму од македонската вера.

Сите новоформирани племенски заедници во Зета Македониа Европа, се борат со сета сила да ја измешаат македонската основа на светските достигнувања. Една од тие основи е и МАКЕДОНСКАТА ЕРА на културата, прикажувајќи го притоа придонесот на ера како свои културолошки достигнувања, или припишувајќи го тоа на народ кој изумрел и го нарекуваат „ИНДОЕВРОПСКИ“.

На Македонскиот Полуостров одродените Македонци, потпомогнати од другите племенски заедници од Зета Македониа Европа, како наши соседи, поради блискоста на македонскиот извор на светоста, се најбучни за докажување на потеклото на историјата на светот. Намерите за истакнување на новоформираните племиња е бришење на меморијата дека сé е Божјо Слово, предадено на еден народ МАКЕДОНСКИ, а бришењето на меморијата е неможно, затоа што Бог Сонце ИЛИ, божјиот син ИСУС и божјата мајка МА се еден склоп кој е неуништив, за среќа на Македонците, а голема несреќа за сите други племенски заедници во светот.

---

[495] стр. 24 и 31

[496] Во врска со изоставувањето на буквата „J“ по опширно ќе прочитате на страна 77.

Македонскиот јазик од камениот период, па во континуитет до денес, со временски распон од најмалку 400.000 г. е литературен и со одредени граматички правила. Се смета за јазик со помош на кој може да се постигне висок стил на изразување, и тоа во стихови, со фонетско писмо цутно (кирилица), напишано на мал простор во вид на лигатура. Тоа е јазик како „Божја ука и наука“[497].

Македонскиот јазик се наметнал на Македонците како на север од Македониа, така и на југот од Македонскиот Полуостров, меѓу многубројните Македонци населен со безимени луѓе од арапско-семитско потекло, и тоа од времето на антиката, па сé до денешни денови.

Во 735 г. македонска ера пред појавата на христијанството се формира градот-држава Рим и тоа од одродници од денес нарекуваните „Етрурци“ кои всушност се народ македонски. Со римската држава владеат владетели со македонско потекло. По големите граѓански војни, Македонија ќе биде освоена од градот-држава Рим, 168 г. македонска ера пред појавата на христијанството. Од Македонскиот народ ќе бидат ограбени материјалните и духовните добра, науката, верата и писмото, цифрите и др. Науката, верата писмото и цифрите им биле блиски на владетелите и луѓето од градот-држава Рим, поради нивното македонско потекло. Целата архитектура била срамнета со земја. Со македонските достигнувања во уметноста, како и архитектурата искрадена од Македониа, денес се гордеат западноевропските градови.

Со почетокот на владеењето на македонскиот император Костантин Велики (274–337), македонската култура се реинркарнира.

Кнезот Ростислав од територијата наречена Моравија (македонска територија - Зета Мадонија), како Македонец и родољубец на својот род ЛАВРОД, се обраќа со писмена молба до македонскиот император Михајло III од новото Македонско царство. Имено, територијата на кнезот Ростислав била напаѓана од мисионери од одродениот македонски народ[498], тогаш наречени Готи (говедари), откажани од својот род, прифаќајќи го латинското писмо кое е всушност тајното македонско писмо на Цутот, произлезено од јавното македонско писмо - цутно наречено кирилица. Сега племенската заедница Готи, продолжувајќи ја традицијата на уништување на се што е македонско, а за остварување на лични интереси, откажани од својот род ЛАВРОД, дејствува на југоисточниот дел од територијата Зета Мадонија. Кнезот Ростислав грижејќи се за својот народ македонски (денес погрешно нарекуван „словени“) од асимилација, преку писмото латиница и јазикот на Готите (говедарите), а според големата почит кон новото Македонско царство и центарот на светската култура – Македониа, со развиена наука и образовниот систем, се обраќа со молба до императорот Михајло III за спас на Зета Мадонија.

Владетелот Михајло III ги замолува македонските браќа Кирил и Методиј од градот Солун за справување со проблемите на кнезот Ростислав. Големите умови, браќата Св. Кирил (827-869) и Св. Методиј (826-885) во 855 или околу 862–863, поткрепени со македонската традиција во науката уште од камениот период, ја создаваат генијалната словарница наречена Кѵрїлловица, ԿՅԼՅՃՌՌՅԹՎՓՅՎՒ - кириловица, подоцна наречена глаголица. Поради бришењето на кабинетската именка „СЛОВЕНИ“[499], глаголицата е последната македонска словарница. Писмото е составено врз основа на гласовниот македонски систем, кој се вклопува во сите македонски дијалекти низ целата Зета Македониа Европа. Глаголицата морала да се разликува од латиницата, но и од кирилицата која била во употреба во Македонија во континуитет со засега познат временски период најмалку од пред 400.000 г. македонска ера [500] сé до појавувањето на градот-држава Рим. Генијалноста на глаголицата е истата како на македонската словарница цутна - кирилица, кои во себе кријат седум нивоа, од кои само четири се откриени. Тоа се фонетската вредност, цифрената вредност, астрономијата и музичката вредност.

[497] стр. 216 „Првиот образовен систем“
[498] Според пишани документи од територијата Зета Мадонија, обработени на стр. 186 и стр. 196
[499] Поопширно стр.56.
[500] види страна 89 и 105

Сл. 572 Св. Кирил создавач на последната македонската словарница Кѵ̈рїлловица, ⲕⲩⲣⲓⲗⲗⲟⲃⲓⲧⲥⲁ - глаголица.

Обожествените браќа Кирил и Методиј со своите ученици ги препишале македонските евангелија од латиницата на сега новото писмо - глаголицата. Еден препис од македонските евангелија на браќата Кирил и Методиј се чува во катедралата Нотр Дам во РЕИМС, источно од Париз. „Оваа книга, од поранешните римски провинции (денес дел од таканаречена Франција), сметана е за света книга, подарена од обожествениот македонски народ на своите браќа Македонци во таа област, поврзани илјадници години со културниот центар на светот – Македонија.

Македонскиот јазик бил службен јазик од пред 400.000 г. сé до појавата на македонските кралеви во Зета Македониа Нанија (денес таканаречена Франција), крунисувајќи се над македонското евангелие од XI век, напишано на македонски јазик и писмо - кирилица и глаголица, во црквата Нотр Дам во Реимс. Таканареченото француски јазик, кој е дел од македонскиот јазик, тој е службен јазик во тоа време во Зета Македониа Европа.

Еден од доказите за потеклото на новоформираните јазици се и македонките топоними, хидроними и др. низ целата Земјина топка. Како на пример, топонимот Берлин (со значење Бер е син на Господарот - Господ Македон). Ист е случајот и со југот на Македонскиот Полуостров. Таков е примерот со полуостровот Крит (со значење да се сокријам), или заливот Коринт (со значење корито), кои денес тие не ги разбираат.

Денес, како што низ цела Зета Македониа Европа се менуваат имињата на териториите од одредени племенски заедници, се менуваат и топонимите, хидронимите и др. на тие територии.

ИНДОЕВРОПСКИ ЈАЗИК Е, ВСУШНОСТ, ЈАЗИК КОЈ ГО ЗБОРУВА ЕДЕН НАРОД ВО ЗЕТА МАКЕДОНИА ЕВРОПА И ДО ЗЕТА МАКЕДОНИА ВОСТАНИЈА (ИСТОЧНА АЗИЈА). ПОТЕКНУВА ОД МАКЕДОНСКО-ИСКОНСКИОТ ЈАЗИК КОЈ Е ПОТВРДЕН СО КНИГАТА „ЗЕТА МАКЕДОНИА“, која обработува артефакти, како доказен материјал. Народот македонски, а со тоа и неговиот јазик, според пишани документи со старост од 400.000 г., е распространет низ сите пет континенти. Со ова се докажува дека македонскиот јазик не е словенски или индоевропски, туку е јазик на СВЕТОТ или **светски македонски јазик.**

Сите луѓе на Земјината топка се древни, но само македонскиот народ во директен контакт со Бог е најстар народ со најстаро име, јазик, писмо, вера и наука. Македонскиот народ од никаде не дошол или отишол, тој од секогаш си живеел автохтоно на сите пет континенти.

Често поради непрецизност на мислата и ограниченото ум или пак поради пристрасност кон западната наука и невнимание, погрешно се вели дека „Македонците зборуваат јазик од групата на словенски јазици“. Научниот свет ги употребува термините: „Старомакедонски јазик“, а јазикот е еден, ниту стар ниту млад. Терминот „Старите Македонци“ исто така нема смисла. Не може да постојат стари и млади Македонци. Кој е постар внукот или дедото? Тие се само Македонци од одреден временски период. Како што видовме и во текстот погоре, термините:

„Старите Грци“, „Стариот грчки јазик“, „Старата грчка филозофија“, „Грчка митологија“, „Старото грчко писмо“ и други се бесмислени, празни, непоимливи за здравиот разум, а употребувани од научната ЛИГА.

Основната карактеристика на македонскиот народ е тоа што тој е: Словесен, словосвесен, словогледен, тоа се луѓе СЛОВОВЕДИ, но во ни еден случај не се Словени. „Словени“ не е термин за народ, тоа е термин за карактеристика на луѓе, опис за нивната особеност. Исконското име за денес наречените словени, според пишаните документи е народот македонски.

Сето ова изложено недвосмислено ни укажува на фактот за негирање и преименување на се она што е придонес на една единствена ЦИВИЛИЗАЦИЈА МАКЕДОНСКА, нарекувајќи го народот и јазикот „словенски“ или „индоевропски“. Борбата за уништување на македонските придонеси во светската култура траат до денес, но едно не може да се сфати од сопствените одродени браќа, дека: МАКЕДОНСКОТО ИМЕ, ВЕРАТА ПРАВОСЛАВНА, МНОГУБРОЈНИТЕ СЛОВАРНИЦИ МАКЕДОНСКИ, А СО ТОА МАКЕДОНСКАТА ЕРА НА НАУКАТА, како СЛОВО БОЖЈО НЕ МОЖЕ ДА СЕ ИЗБРИШЕ.

Ова е волја на единствениот Бог Сонце ИЛИ и единствената Мајка МА со светот да владее СИНОТ БОЖЈИ со БОЖЈИОТ РАЗУМ, а не безбожните браќа со нивното РАЗНОУМИЕ, како обични смртници и од името откажани одродници. За безбожниците казната божја е неизбежна, да горат во пеколот на вечниот студ и вечната толина во космосот.

ЗЕТА МАКЕДОНИА НАНИЈА – ДЕНЕС ТАКАНАРЕЧЕНА ФРАНЦИЈА: МАКЕДОНСКО ЕВАНГЕЛИЕ КОЕ СЕ ЧУВА ВО ГРАДОТ РЕИМС И СЛУЖЕЛО ЗА КРУНИСУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ КРАЛЕВИ, ДЕНЕС НАРЕЧЕНИ ФРАНЦУСКИ.

Македонското евангелие е едно од најстарите постоечки писмени споменици на пергамент и сведоштво за македонскиот јазик и православните религиозни практики кое според некои извори потекнува од XI в.

Оваа книга, од поранешните римски провинции (денес дел од таканаречена Франција), сметана е за света книга, подарена од обожествениот македонски народ на своите браќа Македонци во таа област, поврзани илјадници години со културниот центар на светот - Македонија.

Сл. 573 МАКЕДОНСКО ЕВАНГЕЛИЕ

Низ долгата историја, Македонскиот народ дури од камениот период на Зета Македонија, ги пренесува најновите достигнувања во науката и писменоста од Македонија во таа област, како и низ Зета Македонија Европа и пошироко низ светот.

Обожествениот македонски народ како божји народ, својата посветеност на Бог ја докажува со пренесеното писмо и знаење православно[501], пристигнато директно од Бога, со македонското евангелие напишано со божјта словарница Кирилица (или македонското писмо ЦУТНО) и Глаголицата создадена од македонскиот обожествен просветител Св. Кирил, со што уште еднаш се потврдува светоста на евангелието. Во име на таа светост, пред оваа света книга се крунисувале и давале заклетва француските кралеви, идентификувајќи се со македонскиот народ како Господари - Владетели на земјата. Тоа се Хенри III како и неколку негови наследници вклучувајќи го и Луи XIV.

Евангелието се состои од 47 страници, од кои 16 се напишани на кирилица, а 31 на глаголица. Било богато украсена со злато, скапоцени камења и реликвии.
Кога во 1717 година рускиот цар Петар Велики го посетува Реимс, тој забележува дека во евангелието има и странци запишани со кирилична азбука и за него разбирлив јазик македонскиот. Петар Велики како македонец, исто како и неговиот народ таканаречени „руси“ од секогаш се чувствувале како Македонци. (Терминот „р’зија[502] со значење низија, ниска земја е ист со терминот мизија и тракија. Овие термини не се термини за народ.) Од тогаш престанува употребата на евангелието за крунисување на кралеви во таа поранешна Римска провинција денес наречена Франција.

Потеклото на евангелието е загадочно. Самите историски факти кои покажуваат дека словарниците кирилица и глаголица, нивниото потекло, темел и развој се наоѓаат длабоко во древениот македонски јазик, со писмени докази уште од пред 400.000 години како и фактот дека центарот на писменоста бил Охрид, каде секои 2148 г. се раѓа ИС-УС, можеме со сигурност да кажеме дека и самото евангелие потекнува од Македонија.

Според непотврдени извори, прв пат книгата била забележана во втората половина на 14. век, во времето на Шарл IV, кој ја подарил на тогаш основаниот манастир во Прага, каде литургија се држела на македонски јазик, а чија црква била посветена на светите Кирил и Методиј, Св. Војтех, Св. Прокопиј и Св. Јероним.

Светиот Јероним познат како Св. Жером, бил црковен отец, филозоф и лингвист роден во Стридон, на граница помеѓу римските провинции на Далмација и Панонија, кој ги превел житијата од древен македонски на, во тоа време, современ македонски јазик.
Трагата на Евангелието му се губи во Чешка во времето на Хуситските војни, кога манастирот бил изгорен во 1421 година а по некое време, некаде во 1451 г. се појавило во Истанбул, каде се чувале и други преводи од св. Јероним. Во 1574 г. евангелието било купено од Шарл, Кардинал на Лорен, од патријархот на Костантинопол, а потоа било донирано во Катедралата Нотр Дам во Реимс, каде бил вршен обредот на крунисување на Македонските (француските) кралеви.

За време на француската револуција ракописот и вредните орнаменти на корицата исчезнале се до 1830 година. Од тогаш се јавуваат и првите анализи, а ракописот предизвикува голем интерес меѓу македонскиот народ во денес ново формирани држави.
Една од причините зошто овој текст се користел за давање заклетва и крунисување на обичните луѓе Македонци, тоа е што потекнува од божјиот македонски народ од Македониа, кој го користи божјиот македонски јазик и божјите македонски словарници, преку кои пристига божјата круна со која му се подарува божја земја-територија, да владее како обожествен Македонец и Господар - Господ на земјата на Македонците од таа римска провинција.

Древномакедонскиот јазик, како и денешениот современ јазик е како ехо или одек на природата, со една мистично лингвистичка содржина, каде што таа е во хармонизација со формата на буквата. Нема ништо во природата, а кое што го нема во јазикот, писмото и формата на буквите. Древните две словарници (кирилица и латиница) со право може да се

[501] За православието како поим, прочитајте повеќе на стр.397.
[502] Grotte du Triangle 18,000 – 11,000 год.мкд ера пред појав.на хрис, стр. 204

наречат МАКЕ-ДОНСКИ ПИСМА НА ЦУТОТ[503], т.е. СЛОВА НА ПРОЛЕТТА, БИДЕЈЌИ СОНЧЕВИОТ ЗРАК Е ДУХ БОЖЈИ МАКЕДОН И КАКО ПРИЧИНА И ПОЧЕТНА ТОЧКА ПРИ ОФОРМУВАЊЕ НА СЛОВО-ТО ИМ ДАВА КАРАКТЕР НА ЦУТ ИЛИ НЕШТО ШТО дава ПЛОД, Т.Е ЗБОР. Светите кирилични букви (ЦУТНИ) претставуваат одек на природата.

Облиците на буквите од глаголицата во која се отсликува една цела филозофија на разбирање на космосот и светот, која од неа прави повеќе кодиран систем, отколку обична азбука. Токму таа негова мистичност направила Евангелието од Македонија а чувано во Реимс да биде светата книга врз која положувале рака идните владетели идентифукувајќи се со обожествените Македонци.

Причините зошто се крунисуваат кралевите во Реимс, нивните потомци ги чувствуваат за огромен срамен чин.Тој срам, денес наречените Французи, како одродени Македонци, неможат да го издржат. Со сета сила се борат своите крунисани владетели во Реимс, да ги стават во заборав. Врв на бунтот против сопствените браќа, покрај другото е и уништување на кралските династии и прогласување на тие поранешни римски провинции за република Франција.

Следбениците на крунисаните кралеви заедно со своите сојузници и сопствените непријатели, како одродени Македонци, ќе бидат најголемите противници и уништувачи на сопствениот корен и сопствената традиција на културниот и писмениот развој. Процесот на уништување на сопствениот македонски корен трае до денес. За среќа НЕУСПЕШНО.

ПРАВОСЛАВИЕ
ТОА Е ВЕРАТА ВО ЕДИНСТВЕН БОГОТ СОНЦЕ - ЛАВОТ ИЛИ.

Ова е обид за појаснување на македонска вера во Богот Сонце и вера во Мајката божја на воскресението, појаснување кое на лингвистички начин, поткрепено со артефакти ни опишува за историскиот камен период на македонскиот народ, распространет на пет континенти, од пред 400.000 г. со континуитет до денес.

Сл. 574 Бог Сонце-Лавот ИЛИ.

Сл. 575 Македон

.

Откако постои човекот на Земјата, само Македонците имаат директна поврзаност со еден Бог и за секогаш.Таа врска е „права“ директно поврзана со персонифицираниот Бог Сонце-лавот. Зборот „православие“ може да се расчлени на: право-с-лавот-ие со значење, право со „лавот“-сонцето и ние. Таа „права“ врска е божјата светлост (наречена „ЛОМ“) или божјиот ум

[503] Симбол на писмото, пролетта, поезијата, љубовта, цвеќињата и убавината, зачеток на живиот свет „ИС“. Види стр. 117

во бесконечно време, со еден збор тоа е СВЕТЛОСТ – МЕСИЈА, предводник или ЗЕТ, ЕНОХ или ХЕРМЕС. Зетот или Хермес е божја светлост на Земјата или божјо знаење.
„Значајноста на оваа вера е огромна за разбирање на целиот верски концепт на македонската цивилизација. Македон развива силно чувство кон Сонцето поради неговата моќ за создавање на светлост, топлина, душа и писмо. За Македонците, сонцето е единствено божество, а целата материја во макро и микрокосмосот е божја, исполнета со божјиот дух Македон. Затоа Македонците уште од времето кога станале свесни (слово-свесни, словесни), за својот постанок и егзистенција, на Сонцето му припишуваат божествен карактер, т.е. самото Сонце е Бог, двигател, прапочеток и праизвор на животот, извор на духот божји Македон, бог на небото и обожествените Македонци на Земјата.“ [504]
Целото божјо знаење на Земјата пристига преку сончевите зраци. Обожествените Македонцикако деца божји, го одбираат единствениот Македон, наречен Зет, Енох или Хермес да комуницира со Бог преку најкусиот пат, а најкусиот пат е правиот пат. Оттука произлегува и прекарот на обожествениот Зет, Хермес - КУСИОТ или КУСКО.

Сл. 576 Печат со натпис, село Говрлево, Македониа 1.500 мкд.е.пред.п.хрис.

.

На печатот пишува: Sирнал К'СИ (кусиот) од неговоната набљудувачница која се наоѓа на неговиот посед, и sирнале Л'СИ сончевите зрак кон поседот.[505]

Печатот со натпис е пронајден во село Говрлево, во близина на Скопје – Македониа, 1500 г. македонска ера. Печатот има употребна вредност, што докажува за моќта на тој што го поседува, да издава наредби и одобренија. Зад печатот стои господар, Господ Македон, војска, научниот упавувачки апарат и своја територија со македонски народ.

Печатот содржи и напишана порака со симболичко значење. Печатот е во форма на двојно изгрејсонце. Првото изгрејсонце се обраќа со зборовите: **„SИН'Л ЛСИ ИЗ ПС'Д“ - сончевиот зрак погледнал на својот посед.**

Тоа е Богот Сонце, поседувач на целата околина и живата природа.

Сл. 577 Поглед кон сонцето од набљудувачница. Цртеж Бранко Сотировски.

[504] Стр.24
[505] Види страна 126, дешифрирано од Васил Иљов

Второто изгрејсонце се обраќа со напишаната порака:

„SИН'Л К'СИ ИЗ ПС'Д“ – Sирнал, погледнал Кусиот од својот посед од набљудувачницата.

Оваа порака недвосмислено ни укажува на фактот за дуалистичкиот однос, помеѓу Богот Сонце и неговиот син обожествениот Македон, Зетот или господар и Господ на Земјата, ни укажува за создавањето и зачувувањето на рајот Македониа. Обожествениот Македон во близина на својата престолнина, на врвот од планината Водно или планината Илина Гора, наутро, единствено тој, го пречекува Бог Сонце во мигот на изгрејсонцето со прав најкус поглед. Со тоа ја докажува најкусата и најчесната врска помеѓу таткото и синот, тоа е чинот на восприемање на божјото знаење. Поради чинот на кусиот спој со Бог, набљудувачот е наречен „К'СИ“ или КУСИОТ.

Зетот, Хермес или Куско со своите Македонци го гради од камен ВАРОШ[506]– белиот sид. Македон Зетот, Енох или Хермес-Кусиот, тој е единствениот кој со помош на божјото знаење на таткото Сонце, пристигнато со правите и најкусите сончеви зраци ИЛ, го подига-гради ВАРОШ - белиот sид и град. Еден од тие зидини со кули во кој е сместен варош е наречен КУСКО. Тоа е македонскиот Варош - град КУСКО во Зета Македонија Прекуокеански Цут, (денес таканаречената територија на Перу).

Сл. 578 Мегалитскиот sид Куско Перу.

Сл.579 Мегалитски sид „Македон“ Р. Македониа.

ПЕРСОНИФИКАЦИЈА НА СОНЧЕВАТА СВЕТЛОСТ И ДУХОТ БОЖЈИ МАКЕДОН.

Во Куско, заштитен со вар-sид, престојува Зетот или Хермес, одбраниот-единствениот Македон-Кусиот. Преку вар-sидот, Македон го прима ДАР-ВАР или Др-вар, што претставува целото МЕ-ГА божјо знаење. МЕ-ГА божјото знаење претставува огромна милост божја, која те милува или ГАЛИ. Божјото знаење те гали со лиење или проливање на огромни, по количество сончеви зраци, слично како водата која се лизга по вертикалната површина на МЕГАЛИТОТ или по вертикалниот мегалитски sид.

Познат мегалитскиот sид во Р. Македонија е sидот „Македон”. Овој мегалитски sид на планината Богословец е еден од најстарите на светот. Функционално - практичниот мотив на изградбата на sидот денес не се знае, но пораката која ни ја соопштува е јасна. Sидот претставува научно, уметничко, вајарско, архитектонско, конструктивно и сеизмичко ремек дело. Тој е пишан документ, порака за моќта на божјиот ум и верата православна на градителот. Белиот sид претставува сончев зрак или ДУХ божји Македон[507].

Сончевиот зрак по најкус пат пристига до заштитениот град со sид во кој престојува единствениот владетел и божество на земјата - Зетот, Хермес или Куско. Тој сончев зрак е слово божјо или реч божја, што претставува К-УС (или КУ-УС). Тоа е оплодувачката, облагородувачка

[506] Топоними со именката „варош“: Село Варош до Прилеп, се наоѓа на подножјето на Маркови Кули; Варош (денес Охрид) е град на светлината, неговото поново име е Лихнидон (спомнато пред 4400 г. македонска ера); Гостивар, Вараждин; Дрвар; Варшава и др.

[507] Стр.78

моќ на сончевиот зрак наречен белиот (вар) КУУС или светлиот КИР. Белиот (вар) КУ-УС по прав, најкус пат, како оплодувач (КУ), пристига до (УС), усните на мајката земја Македонка, за да ја оплоди, а потоа да се роди ВАР-ДАР, белиот дар, белиот МАКЕДОН или народот македонски.

Сл. 580 Зета Македониа Прекуокеански Цут (денес наречена Невада). Извадок од книгата „Зета Македониа“. Цртежот претставува илустрација за најкусиот пат на духот божји Македон од небескиот свод до земјата.

Ова најприродно и право или исправно мислење на одбраните-обожествени Македонци кои преку праволинискиот, правиот и вистискиот најкус пат комуницираат со БОГ, претставува ВЕРА во единствениот Бог Сонце, наречена ПРАВОСЛАВИЕ или Вера Православна.

Оваа Вера Православна претставува ПРАВО или најкусо и СЛАВНО СЛОВО. Најкусото и С-ЛАВ-НОТО слово произлегува од верата С-ЛАВ-НА, таа е верата со ЛАВОТ или од ЛАВОТ, што претставува единствениот Бог Сонце Лавот ИЛИ.

сл. 581 Македонско сонце.

Најправата или најкусата словарница, која произлегува од Богот Сонце - Лавот ИЛИ, преку неговите сончеви зраци, е всушност ЕХОТО на природата. Тој праволиниски и најкус пат, е ГОВОРОТ на обожествените Македонци. Тие со најкусите и прави слова (за еден глас едно слово) формира словарница ЦУТНА, денес а можеби и од секогаш наречена КИР-ИЛИ-ЦА. Од ова произлегува дека науката се темели на писменоста која се објаснува преку верата и нејзините религиозни практики.

Зборот В-ЕРА или В-Е-РА, и значењето на буквите во тој збор означуват: В-Е-РА се: „В“со значење „ВО“, „Е“ е сврзник, и „РА“ би значело работа. „РА“ прочитано од десно кон лево е „АР“ со значење „земја”. Од тука произлегува констатацијата дека вера е верба во РАБОТАТА и тоа, во оплодувачката работа на Богот Сонце Лавот ИЛИ, верба во обработувачката РАБОТА на земјата од синот божји и ВЕРБАТА во Мајката Македонка – Земјата, да ја изврши најголемата работа, со најголема дарба и умешност да воскресне – роди нов ЖИВОТ.

Тоа е верата, поткрепена со наука, за почетокот на животот во универзумот кога Големата Мајка на ВОСКРЕСЕНИЕТО го раѓа божјиот поглед „SE“ пред 13 до 15 милијарди години. Божјиот погледот „SE“, во вид на SВЕЗДИ (sвезда = божјо око), како капки роса, „орос“, „оплод“, божја семенка, се вселува, во бесконечните усни на мајката ЕЛЕНА. Тој простор сè уште се оплодува – шири, се раѓа ВСЕЛЕНАТА. Во новоформираната ВСЕЛЕНА, божјиот поглед „SE“ формира распоред - КОСМОС. Космосот претставува сплет од еден комуникациски систем меѓу сите sвезди во вселената. Комуникацијата се одвива со молњи. Мајката Елена, оплодена од „SE“, околу секоја SВЕЗДА раѓа по една или повеќе SEMЈИ. Таков е случајот со делот од божеството „SE“ наречено ИЛИ – ИЛ, кое околу својата „ОС“ ја има сопствената sемја МАРИЧКА, која е приврзана кон Сонцето и кружи по божји пат - ВРЕМЕ или ЕРА, наречено ГОДИНА, вртејќи се околу сопствена оска. На таа земја сè се оплодува, сè се раѓа, но и сè умира и се враќа кон Сонцето како енергија. Тоа е тројниот аспект на божјата МА. Во истиот момент се раѓа Рајот на Земјата наречен Македонија, а луѓето во таа земја Господари - Владетели Македонци.

Оваа вера во Богот Сонце - Лавот ИЛИ не би имала никакво значење доколку не постои верата во МАЈКАТА родилка Македонка-земјата. Тоа е верата или верувањето во мајчинскиот однос на мајката Земја кон синот, секоја година да го воскреснува живиот свет, и тоа само за потребите на својот син МАКЕДОН. Тоа е верата на синот во ВОСКРЕСЕНИЕТО.

Зборот ВОСКРЕСЕНИЕ може да се расчлени на ВОС-КРЕС-Е-НИЕ. Зборот „ВОС“ е со значење воздигнување во височина во правецот на Бог Сонце Лавот-ИЛИ, или воздигнување на самото Сонце од страната на светот Зета Македониа Востанија.

Зборот „КРЕС“ е со значење креска или гори. Во камениот период на македонскиот народ, оганот го сметале како сонце на земјата. Упокоените Македонци заедно со жртвените подароци во храна и вино, ги ставале на клада да се „крескаат“ или горат и на тој начин се качат на сонцето и рајот во вселената. Познат е натписот од село Осинчани Илина Гора во близина на Скопје.

На каменот со македонско писмо ЦУТНО (кирилица) и македонскиот јазик на СОНЦЕТО е напишано:

„КРЕШТ СЕ СИ У Л’Т С’Л С ИЉУ“ со значење „КРЕСКАЈ СЕ СИ ВО ЛЕТ САМО СО СОНЦЕТО“ (Илина Гора, Горно светилиште, Осинчани близу до Скопје) [508] - „Е“ е сврзник. Зборот „НИЕ“ е заменка, што ги заменува именките Господари - Владетели Македонци. Зборот „воскресение” во контекст на оваа анализа би значел: „Бог ИЛИ воскресни на исток. И Господарите - Владетели Македонци воздигнете се со оганот во височините кон единсвениот Бог Сонце ИЛИ, со единствена цел да се вратите, реинкарнирате, во Македонија Рајот”.

сл. 582 Стилизација од бело сликана цртеж-лигатура, историски временски период
на Зета Македониа од 4.480 – 4.250 мкд.е.пред.п.хрис.
Велушка тумба – Пелагониски регион, Македониа.

Овој цут е симбол на воскресението.
Симбол на пролетта, писменоста, науката, поезијата, љубовта, цвеќињата и убавината, симбол на божјата Маричка, Мадон, Мадонка, Македонка, мајката и Македонија - РАЈОТ е мотивот во форма на пупка, отворен цут, оплоден цут, зачеток на плодот и раѓање на рајот,
ОВОЈ МОТИВ Е МАКЕДОНИЈА и овој мотив го симболизира ВОСКРЕСЕНИЕТО и историјата на светот.

[508] Види страна 98

Во зборот„вера“ се содржи зборот „ЕРА“. Ерата со која човештвото го досега врвот и од кога се крои историјата на светот е ерата кога господарството Зета Македонија ги воспоставува темелите на писменоста, верувањата, науката и општествениот живот. Оваа македонска ера е со минимум од 400.000 г. Тие темели се уште цврсто стојат и на нив опстојува и се надградува она што започнало со народот Македон. Токму затоа не постои пред наша ера и наша ера, ЕРАТА Е ЕДНА. Таа ера е ерата на народот Македон, таа не застанала за да застари, таа трае до ден-денес.

Таа ЕРА до денес трае со изминати 16 КОСМИЧКИ ГОДИНИ. Една космичка година трае дванаесет космички месеци, тоа е во согласност со 12 зодијачки созвездија. Еден космички месец е со изминат временски период од 2148 г. Ако 2148 г. ги помножиме со 12 космички месеци, ќе се добие бројката од 25.776 г. Тоа значи на денот XXII-ри март, кога се израмнува денот и ноќта, оската на ротација на северниот пол е во правец на едно од созвездијата на зодијакот, од космичката година, поминувајќи од еден во друг зодијачки знак.

Таков процес на еден космички месец е денешната ера на христијанството, која е на изминување. За 132 години човештвото ќе се врати кон МАКЕДОНСКАТА ВЕРА на единствениот Бог Сонце ИЛИ.

Создавачите на македонската словарница, морале да вршат космички мерења, неколку пати по 25.776 г. за да се пронајдат во времето. Календар на времето е македонската словарница. Првата буква „А“ од словарницата укажува на тоа, дека времетто македонците почнале да го мерат од денот кога земјината оска била свртена, како космички часовник, кон созвездието бик. За да бидат сигурни во исправноста на мерењето македонското општество морало да обезбеди услови за набљудување на созвездијата нај малку 3 пати по 2.148 г. или вкупно 6.444 г. Оттука доаѓаме до заклучок, дека македонската словарница на цутот со нејзиниот редослед е создадена пред 6.444 г. А според доказниот материјал кој е обработен во книгата „Зета Македониа“, укажуа на фактот дека македонците со овој редослед на словата времето го мерат нај малку 16 пати по 25.776 г. што е рамно на 412.416 г., тоа значи дека нај стариот артефакт од приближно 400.000 г. со сигурност може да се каже дека е стар 412.416 г.

Со оглед дека е потребно минимум 3 пати по 2148 г. за утврдување на исправноста на космичкиот часовник МАКЕДОНСКАТА СЛОВАРНИЦА НА ЦУТОТ Е СТАРА 418.860 г.

Според моето мислење и должната почит кон денешниот редослед на словата во словарницата, како мерни единици цифри, редоследот на словарницата ЦУТНА треба да биде:

И – Бесконечност
Л – Множина
С – Со
Г – Кон
У – Во
Т – Тој
Ш –Темнина
К – Желба
Ќ – Празнина
Р – Живот
Н – На
Д – Бог да даде
А – Бог
Б – Бог да брани
Е – Тој е
О – Обединуваење
М – Мое
З – Зрело
Љ – Љубов
В – Величествен
Њ – Женско
Ф – Спој

Ж – Жештина
Ц – Цело
ПС – Влез со Бога
S – Молња
Ч – Час божји
Џ – Негативно
ШТ – Темнина
Х – Нов живот
П – Влез

1 – Ден
2 – Два Бога
3 – Тројство
4 – Живот
5 - Дух госпдов
6 – Темниот дел
7 – Ум
8 – Македонија
9 – Вселена
0 - Сонце

Оваа вера во Богот Сонце-лавот и вера во Мајката божја на воскресението со правиот и достоинствен Македон е вера ПРАВОСЛАВНА или ПРАВОСЛАВИЕ.
Со делото „Зета Македонија“ се потврдува откритието кое се провлекува низ целата книга во врска со македонската монотеистичка вера.

„АНТИЧКИ МАКЕДОНЕЦ ИЛИ ПРАВОСЛАВЕН ХРИСТИЈАНИН?“
ДИЛЕМАТА ОКОЛУ ТЕРМИНОТ ПРАВОСЛАВИЕ

Како резултат на одредени општествено политички превирања кај нас и во светот, се наметнува едно прашање: Што се денешните Македонци? „Дали се АНТИЧКИ МАКЕДОНЦИ, ПРАВОСЛАВНИ ХРИСТИЈАНИ или СЛОВЕНИ?“
Ваквото прашање, како прво, се коси со здравиот разум. Овие прашања се противречни, пристрасни од позиција на поседувач на моќта.
Со самото погрешно поставено прашање се наметна една дилема за терминот „православие“, за кое следи објаснување.

Сл. 583

сл. 584

Со проучување на македонското древно минато, преку дешифрирани натписи оставени од македонскиот народ, дознаваме за македонската наука, монотеистичката вера во Бог Сонце ИЛИ, историја, писменоста и начинот на живот. Дознаваме за единствениот народ кој живеел распространет низ целиот свет.

За значењето и употребата на терминот „православие“, може да се постави следното прашање: Што е вистина?
Вистината е Божјото слово. Божјото слово е целата материја што се гледа, и она што не се гледа, а тоа е духот божји Македон.

Вистината е една, а тоа е: сѐ што е родено, родено е од Мајка, вклучувајќи го и Бог. Таа мајка во вселената е Елена, а на земјата е Мајка Македонка.
Вистината е светлост. Светлоста е преносител на духот божји Македон до Мајката Земја, како оплодувач на сите процеси во кој е вклучен духот Македон.
Вистината е умот. Умот е Божја Светлост и Божје Слово или Реч. Умот ги создава зборовите, и ги открива сите сокриени божји знаења, кои се содржат во Словото Божјо.
Се е божјо, само верата во Бог е на обожествениот син Божји Македон.
Вистината е една а таа е: Бог го пренесува словото или речтта, што претставува ука или наука, по најкус пат на своите одбрани синови Македонците (Македон).
Вкупната вистината, за волја на одбраните, Словото Божјо го држат во тајност од своите одродени браќа, за да може народот од родот Лаврод да го открие по големиот светски потоп на умот. Словото божјо е запишано во вид на цртеж-лигатура.

Вистината е една. Зборовите се божји затоа што го отсликуваат словото божјо. Зборот произлезен од божја нематеријалност и материја, што претставува ехо на природата, ги создава словарниците ЦУТНИ - јавна и тајна (кирилица и латиница) и броевите пролетни (римски и арапски). Од нив произлегуваат сите други словарници во светот.

Зошто духот божји се нарекува Македон, зошто Бог го пренесува вкупното знаење на Македонците, зошто верата е македонска и зошто вкупната вера е сокриена во цртежите ширум светот? Одговорот е во именките ДОН, МАКЕДОН, МАКЕДОНИЈА и народот Македонски. Народот Македонски се синовите божји и воедно најстариот писмен народ.

Што открил Македон? Македон го открил словото божјо, божјата реч или ука-наука. А најважното е верата, а таа вера е вера или верување не само во Бог Сонце ИЛИ, туку и во Мајката Божја и божја во вселената и мајката на синот божји на Земјата. Тоа е вера за реинкарнација на духот Македон, реинкарнација на живата природа ИС- ИСУС или вкупната жива природа во ПРОЛЕТТА. Таа вера е вера во новороденио реинкарниран или воскреснат од мртво во живо, во новородената пролет.

Како се доаѓа до таа вера? До македонската вера се доаѓа по најблискиот и најкус пат, од врвовите на планините и пирамидите до Бог Сонце, со правите сончеви зраци, кои директно со најправ пат на светлината доаѓаат до Македон. Тој најкус контакт се остварува четири пати годишно, а тоа се четирите годишни периоди во месецот на XXII-риот ден. До македонската вера се доаѓа и по подолгиот пат на светлината, посредно, со божјата слугинка - месечината. Тоа е патот од месечината до ДОН-долините како утринса роса во која се наоѓа духот божји Македон. Всушност, најважен е покусиот пат, ЗАТОА ШТО Е БОГАТ СО СВЕТЛИНА И ТОПЛИНА, за разлика од сончевиот зрак кој доаѓа од Бог Сонце до Земјата во форма на цик цак, а тоа е од сонцето преку месечината до Земјата, кој се состои од излитена светлина и без топлина. Поради оваа верување во најкус, прав и исправен пат, таа вера се нарекува ПРАВОСЛАВИЕ.

Придавката „православие“ ја користи и поновата религија, христијанството произлезена од македонската вера. Целото верување со мали измени на имињата, случките и датите, христијанството го предзема од македонската вера, а подоцна, Македонците христијани придавката „православие“ ќе ја воскреснат-предземат како продолжеток на сопствената видоизменета вера наречена ПРАВОСЛАВНО ХРИСТИЈАНСТВО.

Каде се врши примо-предавањето на словото божјо? Примопредавањето на словото божјо се одвива во Македонија, од еден народ Македонскиот со континуитет најмалку од пред 400.000 г. во продолжеток до денес. Македонскиот народ е еден, распространет низ денес наречените континенти Европа, Азија, Африка, Австралија и Америка.

Крајот на ова излагање би се завршил со еден цитат од страна 397:

„Дон Дион, Дионис, роден со љубовен допир од Божја светлост врз мајката „МА“ со извор бисери, божја семенка од ГОРАТА, со „рог“ (машки принцип) на „ар“ (земја) покрај реките во пролетта. Новородената природа осветлена-блосоена со „ЛОМ“ (светлосниот зрак) всушност е ИСУС (новороденио) МАКЕДОН. Ова ВЕРА од пред 400.000 г. во континуитет до денес како македонска научна мисла преточена во вера претставува ера, на македонското писмо и слово божјо, тоа е ера на Македонската ВЕРА во единствен Бог Сонце ИЛИ, тоа е ера на ПРАВОТО СЛОВО, (праведното, вистинското, чесното со правиот достоинствен Македон, под права линија, директно да комуницира со Бога) со верата ПРАВОСЛАВНА - ПРАВОСЛАВИЕ.

БОЖЕ МОЈ наместо ОЧЕ НАШ
ДУХОТ МАКЕДОН наместо ЛЕБОТ НАСУШЕН и ЛУКАВИОТ

Првата и основна христијанска молитвата „Оче наш“ ја содржи основната смисла на македонската вера во единствениот Бог Сонце ИЛИ. Воедно, во зборовите со кои се изразува молитвата, се кријат тајни пораки спротивни на здравиот разум.

Македонците отсекогаш имале потреба за молитви кон Бог со единствена цел: нашата душа и дух Божји Македон, подарени на Македонците од својот Татко Сонце ИЛИ, во секој миг од животот треба да бидат поврзани со својот татко, исто како што е телото поврзано со својата мајка Македонка-Земјата. Тоа е тајната на македонската молитва, овојпат наречена „Боже мој“. Тоа е вкупното богатство на духот и телото, на духовната и материјалната страна на животот. Материјалното богатство на Македонците од искона било неопходно за опстанок, тоа материјално богатство е храната, која мајката Македонка ја раѓа само за своите синови Македонците.

Нешто повредно за опстанок покрај нужната материјална храна, е поинаква храна (леб), а тоа е духовната храна, која секојдневно пристига од единствениот Бог Сонце ИЛИ. Духовниот леб пристига до Македон секое утро преку врвовите на планините и тоа како: светлост, осветлување односно просветлување на умот.

Просветлувањето на умот се случува преку погледот татко-син. На тој начин синот кој го носи генот божји во вид на дух божји Македон е ОБОЖЕСТВЕН, Господар - Господ на Земјата, вознесен, свети со словото божјо а тоа е науката, писменоста, јазикот и културата на живеење, пренесувајќи ја и на другите луѓе кои се со понизок степен на развој, од Македонија на сите пет континенти.

Сл. 585 (Дешифриран текст: „КОН СОНЦЕТО СО МОЛБА И СО ЉУБОВ КОН ЗЕМЈАТА СО ОС. О АР НА ЗЕТА МАКЕДОНИА ИЛ ПРОЛЕВАЈ ГИ СВОЈТЕ ЗРАЦИ СО ДУХОТ БОЖЈИ МАКЕДОН“.(Види стр. 181)

Уште од камениот период, кога станал свесен за себе и околината, македонскиот народ имал потреба за молитва. Молитвата не била чин на слабост и страв од смрт. Молитвата на македонскиот народ била обраќање на Бог Сонце за воспоставување на природниот тек на вселенското движење во времето на четирите годишни периоди. Македонците смртта не ја доживувале како несакан чин, тие оделе во смрт со радост, опиени со афионовиот нектар, преку кладата и оганот да стасаат до Бог Сонце. Дел од македонската вера „православна“ е чинот кога Македонците качени (качини) на сонце, по прав и најкус пат, прочистени се враќаат назад во Македонија Рајот, повторно преку правиот и најкус пат во мигот на изгрејсонцето и реинкарнација. Молитвите се однесувале на плодноста помеѓу Бог Сонце и земјата Македонка и плодноста помеѓу Господарот-Господ Зетот на замјата и неговата невеста. Молитвата била во стихови, се пеело и чествувало со ритуални обреди.

Совпаѓањето на христијанската молитва „Очен наш“ со македонските основни молитви кои можат да се прочитаат со писмо ЦУТНО (кирилица и латиница) е очигледна.

АНАЛИЗА НА МОЛИТВАТА „ОЧЕ НАШ“

Сл. 586

1. „**ОЧЕ НАШ**“

Кога ќе се изговорат зборовите „Оче наш“ во христијанската молитва, се мисли на врховен Татко на сите луѓе во светот. Тој татко е невидлив и претставува сечив или ничив. Во македонската вера Бог Татко ИЛИ е само на својот син Македон или македонски. Во молитвите на македонската вера, Бог Сонце ИЛИ и синот Македон, се ставаат во рамноправен дуалистички однос, креатори на Рајот Македониа со добиеното слово (наука) во директна, по права линија комуникација со Бога.

Оваа констатација се согледува во следниот дешифриран текст: Транскрибиран на современ македонски јазик:

1. J‘S И ИС ИМ‘С 4+4 И - ГЛЕДАЈ И СО НЕА ИМАШ 4+4 И
2. S‘J SИ УЈИ. - ГЛЕДАЈ!! ГЛЕДАМ МЕСЕЦИ.
3. С‘М ИМ‘JС‘J, - САМО ИМАЈ, СИЈАЈ.
4. С‘JJ‘СИ СИЈ. - **СЕГА JАСНО СИЈАЈ**.
5. С‘J УЈИ УС‘J. - СЕГА **JАС** ВО МЕСЕЦОТ ВО УСНИТЕ.
6. УЈ‘М - СО УЕМ.

(Цитат од страна 183. „Дух божји Македон - сказалка на времето“ Билзингслебен (Bilzingsleben), Зета Мадониа – Македониа, Лужице (денешна Германија) пред 400.000 години, македонска ера до денес. Оваа строфа е испеана во химната „Зета Македониа“)

Синот, обожествениот Македон е тој што се обраќа до Бог Татко, во однос татко-син со зборовите: „СЕГА JАСНО СИЈАЈ“. Веднаш по таа молба-наредба изговара: „СЕГА JАС“, со значење: Сега и синот како рамноправен на својот Татко ќе ја облагородува Земјата. Прво ќе принесе жртва (УЕМ) на својата Мајка Македонка-Земја а потоа ќе принесе жртва (УЕМ) на својот Татко Сонце. По извршеното дарување-жртвување, земјата ќе ја обработува.

Стих 2: „Да се **свети** името твое“.

Придавката „свети” асоцира на нешто што треба да се „освети, одмазди“. Во македонскта вера се изговара со:

Цитат:

„И јас гледам, **лска ИЛ**, гипко игра.“

(стр. 86 со наслов 04. ‘‘О!!! Мил на ИЛ ‘‘ Шарков рид – Св. Николе Македониа 400.000 – 10.000 мкд.е.пред.п.хрис.)

Во овој стих Богот Сонце е ословен со „Л’СКА ИЛ“ (или „л’шти“) со значење СВЕТЛИ.

Стих 3: „Да дојде **царството твое**“

Овој стих според христијанството, како скриена порака, најверојатно асоцира на тоа дека треба да дојде Царот-владетелот, поробувачот на Македонскиот народ (Римјаните).
Според македонската вера, овие зборови може да се толкуваат во смисла: Да дојде царството или СВЕТЛОСТА, да царува денот, да царува светлиот УМ. Тоа е умот на Енох, Единствениот цар на Земјата - ЗЕТОТ Македон.

Цитат:

„Македон **л’sје ороси**“, (л’sје-светлост, „роса“-божја семенка).

(Цитат од стр. 92 „Величествениот наш Бог“ Чашка (Велешко) – Македониа, 8.000 мкд.е.пред.п.хрис.)

Во овие три точки се отсликува светото тројство и тоа: Бог Сонцето ИЛИ, Дон и духот божји Македон.

Стих 4: „ЛЕБОТ НАШ НАСУШЕН ДАЈ НИ ГО ДЕНЕС“.

Според христијанството овој стих се однесува на материјалниот аспект на човекот. Човекот е роден од Мајката Земја, а по неговата смрт повторно се враќа кај мајката.
Според македонската вера ПРАВА а во СЛАВА на Бог Сонце, Македон е роден од Мајката Земја, а по неговата смрт со помош на оганот, материјата останува на Земјата а духот божји Македон се враќа кај Бог Сонце за прочистување и реинкарнација, а преку КОСМОСОТ се враќа на Земјата.

Според Милош Линдро и според неговата анализа на молитвата „Оче наш“ (списание за книжевност и култура „АКТ”, Скопје, година V, број 30; 26.12.2008; стр.45), дел од молитвата „ЛЕБОТ НАШ НАСУШЕН“, треба да се замени со: „**ИНОСУШТЕН ЛЕБ**“, зошто?

Цитат:

„Овој маркиран, можеби клучен термин, отсуствува во денешните латински, романски, германски, (и во католичките и во протестанските) текстови на Молитвата. Така, тој насекаде е заменет со формите „quotidianum“, „ежедневен“, „насушниј“ и нивните соодвестија во современите словенски и латински јазици. А факт е, и по непореклив начин е докажано дека некогаш суштествувачката форма била „ИНОсуштниј“ (SUPERsubstantialem), и таа се запазила до касното Средновековие во преписи на Вулгатата и во неколку босански требници.“

Древен македонски збор „**иносуштниј**“. Сл. 587 Препис на евангелието од Лука (XI, 2-4), наречено Вруточко евангелие

„Во покасните редактирани варијанти, како што веќе ги спомнавме, тој збор/поим е заменет со quitidianem („cotidianum“ т.е. „ежедневен“, „секојдневен“) или „насушен“, кое се разбира како „сув“, „исушен“ – кое е вистинско потсмевање и играње приземен мајтап со вистинската смисла на древната и возвишена молитва! Милиони денешни „православни христијани“, за разлика од ословенетите древни христијани (богомилите), место да се стремат кон возвишената, нематеријална, духовна „храна“, молат, бараат и се задоволуваат со секојдневното, исушено парче леб („хлеб“, „panem“).
Од изнесеното станува јасно зошто како вистинска, точна форма на петтиот стих во молитвата земаме дека била следната:

„ИНОСУШТНИОТ ЛЕБ ДАЈ НИ ГО ДЕНЕС“.

Древен македонски збор „**иносуштниј**“. Сл. 588 Препис на евангелието од Лука (XI, 2-4), наречено Вруточко евангелие.

Продолжува М. Линдро: „Се прашуваме: Каков е тој „**ИНОСУШТЕН ЛЕБ**“ за којшто се молат богомилите? Веднаш треба да се припомниме дека самиот Исус вели: „ЈАС СУМ

ЖИВИОТ ЛЕБ ШТО СЛЕЗЕ ОД НЕБОТО, (НАРОДОТ) КОЈ ЈАДЕ ОД ОВОЈ ЛЕБ, ЌЕ ЖИВЕЕ ВЕЧНО“ (Јован, VI, 51)[509].“

„ Излегува дека тој „иносуштен“ и „жив леб“ е самиот Исус, којшто „се спуштил од Седмото небо“. Кажано појасно: Тоа е правото на секој еден народ да го измоли „лебот на животот“. Накусо: Тоа е „ПРАВОТО НА СИТЕ НАРОДИ НА ИСУС“. Или, уште појасно: ‘Тоа е правото на НЕБЕСНИТЕ ТАЈНИ“. (завршен цитат)

Според дешифрираните текстови од спомениците на културата на македонскиот народ, кој се простирал на пет континенти, именката „ИС-ИСУС“, се среќава од искона, ословувајќи ја вкупната жива природа во која се наоѓа и обожествениот Македон.
Именка ИСУС се одсликува на ВКУПНАТА ЖИВА ПРИРОДА родена од мајката Македонка оплодена во дуалистички однос помеѓу таткото и синот, која служи само за потребите на македонскиот род Лаврод.

Сл. 589

Сл. 590

Според дешифрираниот текст предземен од страна 266: 02/4. „Обожествениот Македонец“ Планината Хелан во близина на градот Јинчуан во покраината Нигсја. Зета Македониа Востаниа, централна Азија (денес наречена Кина), 130.000 – 3.000 мкд.е.пред.п.хрис., „贺兰山岩画” 388 Hèlánshān.

[509] Новиот Завет, Скопје, 2006, с. 120

Сл. 591

Транскрибирано на современ македонски јазик значи:

„ОЛИ ЈА (ОПЛОДИ ЈА) ИЛИ МАКЕДОНИА. СЕГА И „ИС“ (НОВОРОДЕНИОТ) СИНОТ ЈА ОПЛОДИ“

Иносушниот леб е всушност поинаков леб или тоа е духот божји Македон, светлоста, просветленоста, писмото и науката. Тој поинаков леб служел синот божји да ја оплодува-облагородува мајката Земја со обработување.

Иносушниот леб би бил и храна на сопствената душа. Македон во чест на четирите годишни периоди ја изразува почитта кон Бога со песни и друштвени игри-ора.
Облечени во свечена облека, Македонците пееле и играле македонски песни и ора и на тој начин ја истакнувале својата посебност.

Сл. 592 Македонски празнувања.

Македонците го славеле почетокот на новата година на XXII-ри декември, палејќи огнови, се кителе со македонски круни направени од дабови (бадникови) гранчиња. На денот на пролетта XXII-ри март се кителе со македонската круна направена од цвеќиња. Овој празник претставува симбол на пролетта, поезијата, љубовта, цвеќињата и убавината, зачеток на живиот свет „ИС“. Симбол на науката, уметноста и македонската вера. Симбол на Зета Македонија, македонска цивилизација и историја на светот. Симбол за континуитетот на македонската култура. Македонците го славеле и празникот Ксантика или Жантика. Тоа се жетварските игри.

Сл. 593 Македонски празнувања.

Една од многуте основни молитви во чест на Жантика - Ксантика, се согледува во текстот „Дух божји Македон – Вселен“ Зета Македониа Меѓупоточна, (денешна територија на Сирија), 6,000–4,200 мкд.е.пред.п.хрис. на стр. 287.

Сл. 594

Транскрибираниот текст на современ македонски јазик гласи:

а) И СО УТ ШТО ЈА ЛАПНАЛ ИЛИ.

б) ГАЛИ СО СВЕТЛОСТА И РОИ ВО РАЈОТ.

в) - **ЛИ ГОЛТНИ ПИВНИ. ЛИЈАМ ПИЈАМ ЈАС. И САМО СИ ЛИЕЛ ИЛИ СО IIII. ВО ЗЕТА МАКЕДОНИА.**

Цитат од Милош Линдро:

„Тука ќе се осврнеме и на други термини во Молитвата, за кои сметаме дека се предаваат на несоодветен начин и со несоодветни современи зборови, кое доведува до една грозна словесна бласфемија. Како самиот Сатана да ја преведувал „Оче наш“ на современите јазици, при што, подведните верници започнале да му се молат токму нему, и при таа замена на местата Добриот станал Лукав и Лош. И, светот измолен од овие верници, светот во последните 2-3 века, преисполнет со војни на народите и внатредржавни револуции, со милиони насилно прекинати животи, како да се соодвестува на посакуваниот свет од искриволчената молитва со која се пазари и измолува опрост на секакви гревови. Во текстот кој следи, сосема накусо, ќе обрнеме внимание на поимите: „гревови/долгови/debita“, „опрост/dimitte“, и „лихо/Лукавиот/malo“. (завршен цитат)

Стих 5: И **ПРОСТИ НИ ГИ ДОЛГОВИТЕ НАШИ**,
КАКО ШТО НИЕ ИМ ГИ ПРОШТЕВАМЕ НА НАШИТЕ ДОЛЖНИЦИ;

Цитат од М.Линдро:

„За поимот „debita“ е прифатено дека значи „долгови“, макар што во најстарите црковнословенски текстови на негово место стои „грехове/греси“. Но тука не станува збор ниту за првото, ниту за второто, туку за некакво дејство, кое најприближно можеме да го опишеме како: „одење“ („врвење“), „протекнување на животот“, „учевство во промената“. Но тука има потреба од поразлично разбирање и на зборот „опрост“ („dimitte“), кој никако не се совпаѓа со „опростување“, „проштевање“, кој поскоро треба да се сфати како „исправање“, „опростумување“, „поправање“, но и како „пророкување“, па дури и како „осветување/обожествување“. На латински место „dimitte“, можеби е подобро да стои „divinite/divinatore“). За да докажем дека е можна и оваа последна варијанта ќе се повикаме на Евлија Челеби, кој минувајќи низ Воденско, Костурско, Преспанско и Охридско одбележал дека се празнува некаков празник „Прастовден“[510]. Земајќи ги предвид словенско-персиските (индоевропски) значења во составните делови на овој сложен збор, треба да го разбереме како „Свет ден“ („Обожествен ден“). Имајќи го предвид изнесеното,

[510] Е. Челеби, Скопје, 2007, с. 28

разбираме дека во Молитвата не станува збор ниту за некакво „проштевање“ на некакви „гревови“, ниту за некакво „ослободување“ од „долгови“ (!?!). Поскоро станува збор за „исправање на одењето“ или за „осветување на патот“, т.е. за „изведување на ПРАВ ПАТ“. Станува збор за „одење“ како „учество во животот на јазичната/религиозната група“, т.е. за „опстанокот/суштествувањето на една заедница во времето“. (завршен цитат)
Оваа констатација на Милош Линдро е логична, јасна и сосема исправна. Но, за што станува збор во древнохристијанската молитва „Оче наш“?
Со термините: „Исправање“, „опростумување“, „поправање“,како и „пророкување“, па дури и како „осветување/обожествување“ станува збор за континуитетот на македонската вера ПРАВА-ВО-СЛАВа-НА на ЕДИНСТВЕН БОГ СОНЦЕ ИЛИ, преточена во таканаречена „ХРИСТИЈАНСКА РЕЛИГИЈА“. Македонците морале да се откажат од единствениот Бог Сонце ИЛИ. Но, намерата да се избрише од меморијата на Македонците нивниот Бог била неуспешна. Западните христијани формираат СВЕТЦИ. Христијанската религија македонскиот Бог Сонце го именува за светец а тој е Свети Илија.

Стих 6: И **НЕ ВОВЕДУВАЈ НЕ ВО ИСКУШЕНИЕ**
НО ИЗБАВИ НЕ ОД ЛУКАВИОТ.“

Цитат од М.Линдро:
„Да „земаме дека „грес(т)и“, кое се запазило и како „грехове“, всушност означува „одење“ („врвење“)? Во речникот на старословенски зборови ги најдуваме: „грести“, „гредам“, „гредши“ = „оди“, „одам“, „одејќи“. Од овој основен поим „грести“ произлегува и другиот загадочен поим „гресмари“ кој го среќаваме во истиот стих. Значењето на „гресмари“ е „сопатници“, или „следбеници“ а не „должници“. Дотука искажаното ни ја дава следната реконструкција на шестиот стих:
„ИСПРАВИ ГО (ИЛИ: ОСВЕТИ ГО) НАШЕТО ОДЕЊЕ (НАШИОТ ПАТ), ЗА И НИЕ ДА ГО ИСПРАВАММЕ (ОСВЕТУВАМЕ) ПАТОТ НА НАШИТЕ СЛЕДБЕНИЦИ („ГРЕСМАРИ“)“. (завршен цитат)

Со ова научно докажување на термините, може да се сфати скриената искривоколчена намера на христијанството, не само да го уништи македонскиот карактер на христијанството, туку, не смеело ни да се помисли на некакво продолжение на македонската традиција на поколението што доаѓа.

Стих 7: И НЕ ВОВЕДУВАЈ НЕ ВО ИСКУШЕНИЕ
НО ИЗБАВИ НЕ ОД ЛУКАВИОТ.“

Според М. Линдро: „Друг проблематичен поим во современите варијанти на молитвата „Оче наш“ е поимот „искушение“, кој во постарите црквенословенски варијанти се одбележува и како „напаст“.
Доколку извршиме проверка на значењата на латинскиот поим „temtationem“, ќе најдеме дека и тој се однесува на „испробување“, но и на „свртување“ и „преобратување“. Сметаме дека на тоа место на молитвата станува збор за поим на кој најточно значење може да му биде: „суштествување во една трајно бесцелна (или исполнета со неизвесност) ПРОМЕНА“. Негов аналог во класичната европска филозофија е Хегеловиот поим „лошата бесконечност“ (разбрана и како „несвршлив неред“. Врз основа на претходното размислување, ја предлагаме следната реконструкција на седмиот стих, за да се сфати како разумно продолжение на претходниот, шести стих:
„ЗА ДА НЕ СЕ ЗБЛУДИМЕ ПО ПАТОТ (ПО ЖИВОТНИОТ ПАТ)“

Следниот поим кој не тера на размисла во латинските текстови е предаден со зборот „malo“, на којшто буквално значење му е „лошо/Лошиот“ а во некои словенски јазици од католичкиот свет, на пример во полскиот, се предава со „Злиот“. Во старите „обратни преводи“ на црквенословенски се среќава старата форма на тој поим – „неприязънъ“. Денес, нејасно од кои причини и соображенија, на тоа место од Молитвата дефинитивно се наложила персонификацијата на злото – „Лукавиот“ (!?). Со, тоа еден очевидно апстрактен поим („неприязънъ“, „malo“) е заменет со конкретно име. Тука сакаме да одбележиме дека, сепак, во најстарите старословенски текстови, на местото на некогашниот „неприязънъ“ и денешниот

„Лукавиот“, го среќаваме „лихо“. За овој збор во речениците на старословенскиот јазик ги имаме следните знаење: 1) „ништо“, 2) „отсутно, но и со спротивна семантика: 3) „изобилност“, 4) „прекумерност“, 5) „лакомост“. Имајќи го предвид сето претходно, за осмиот стих, кој го содржи разгледуваниот поим, (доколку воопшто суштествувал во оние времиња – напоменуваме дека во Евангелието од Лука тој недостига), ја предлагаме следната реконструкција:

„ИЗБАВИ НЕ ОД ПРЕКУМЕРНОСТА (НА ЖЕЛБИТЕ)“

Или:

„ИЗБАВИ НЕ ОД ЛАКОМОСТА (ЛАМТЕЖОТ)“ (завршен цитат)

Денес како и во минатото за македонскиот народ многу е јасно од кои причини се употребил терминот со значење „свртување“ и „преобратување“. Тоа е желбата на христијанскиот апарат, самите Македонци да се откажат од намерата, во текот на животот, покрај многуте пороци, да не се вратат кон молитвите-традициите од македонската вера.

Христијаните на крајот од молитвата го ставаат латинскиот збор „malo“, на којшто буквално значење му е „лошо/Лошиот“. „Во старите „обратни преводи“ на црквенословенски се среќава старата форма на тој поим – ‘неприязънъ“, а денес тој збор се заменува во Молитвата со зборот, кој е персонификација на злото „Лукавиот“. По мое мислење, злото е персонифицирано со „Лукавиот“ кој пак го претставува ѓаволот. Во текот на најчуствителните моменти на обраќање кон Бог, Македонецот не би го споменувал „ЛУКАВИОТ“, тој само би се повикал на ДУХОТ БОЖЈИ МАКЕДОН.

Милош Линдро по исцрпното излагање го предлага седново:

„Тука ја предлагаме реконструкцијата на современата литературна норма на претпоставениот текст на богомолскиот (ранохристијански) праволик на молитвата „Оче наш“:

(9) „ОЧЕ НАШ, КОЈ СИ НА НЕБЕСАТА
ДА СЕ СВЕТИ ИМЕТО ТВОЕ;
(10) ДА ДОЈДЕ ЦАРСТВОТО ТВОЕ;
(11) ИНОСУШТНИОТ ЛЕБ ДАЈ НИ ГО ДЕНЕС;
(12) И ИСПРАВИ ГО НАШЕТО ОДЕЊЕ
ЗА И НИЕ ДА ГО ИСПРАВИМЕ ОДЕЊЕТО,
НА НАШИТЕ СЛЕДБЕНИЦИ („ГРЕСМАРИ)
ЗА ДА НЕ СЕ ЗАБЛУДИМЕ ПО ПАТОТ (ВО ЖИВОТОТ);
(13) ОСЛОБОДИ НЕ ОД ЛАМТЕЖОТ (ОДЪ ЛИХА)“
(завршен цитат)

Според дешифрираните текстови-молитви на македонскиот народ ширум светот можеме да се обидеме да конструираме една македонска универзална молитва со сваќања од македонската вера ПРАВОСЛАВНА, подоцна овој термин преземен од Македонците православни христијани.

Сл. 595

Јане Коџабашија

БОЖЕ МОЈ. Глас V, *Па*

(На стихови во транскрипција на Бранко Сотировски)

-дон ле - - бот_наш._____ На - - ро - си рид во___

Ра - - јот Ма - - ке - до - - ни - - ја, ка - ко што

и ни - - - е го на - ро - су - - ва - - ме ро - дот_

Твој_____ Лав - - род. Со ра - бо - та и пес - - на

и до- бра_мис - ла_ во про - - лет - - та со_____ И-

- - сус,_____ со И - - - сус.

Скопје,
8 септември, 2016

28.09.2016
Скопје

Јане Кочабатија
На Франко Сотировски
со особено задоволство
Авторот

Сл.596 а

Синот Господов. Гласъ в҃. ѕ҃ ді҃

(Причесен напев)

Мелодија:
Јане Коџабашија

Стихови (транскрипција):
Бранко Сотировски

Сл.596 б

КРСТОТ Е НАТПИС НА СВЕТЛОТО ТРОЈСТВО И МАКЕДОНИА РАЈОТ НА ЗЕМЈАТА-МАКЕДОНКА И МАКЕДОНИЈА РАЈОТ ВО ВСЕЛЕНАТА

Крстот е геометриска фигура, која се состои од две отсечки под прав агол (90°). Крстот е еден од најдревните симболи на човештвото, најмногу е користен од македонската исконска вера „православна“, од мноштво подоцнежни митологии и денешното христијанството. „Симболите крст, свастика, спирала и круг, освен естетско - восприемливото значење имаат длабок корен во духовната традиција на македонскиот народ.

Сл. 597 **Македонскиот крст**, познат уште како и Вељушки крст.

Често различно и конфузно толкувани низ блиската историја, овие симболи успеале да се всадат и провлечат низ вековите, задржувајќи го своето почесно место и првобитно значење. Сите тие симболи се дел од совршеноста на природата. Нив човекот ги восприема интуитивно како едно од најосновните човекови средства за спознавање“.[511]
Еден меѓу првите симболи кој се среќава во македонската историја во континуитет до денес, со апстрактен уметнички израз е КРСТОТ. Своето почесно место низ историјата на Македонскиот народ, крстот го завзема поради разните аспекти за кои тој како симбол е значаен.

Сл. 598 Зета Македониа Пиринејска (наречена Шпанија) MOLINO BARREÑO, MARAGATERÍA (LEÓN)

Сл. 599 Вез од дарпна - Дебар Македониа.

Еден од позначајните аспекти на крстот е тој, што крстот претставува кодиран писмен симбол, кој лесно може да се прочита, со азбуката на ЦУТОТ (кирилица и латиница) и на македонски јазик.

[511] Стр.42

„Основната задача на Господарите - Владетели Македонци, како благороден народ, е да ја шират писменоста, науката и уметноста и кај другите народи, кои биле нивни слуги и робови, а со текот на времето станале жртва на тие свои поданици. Противници на македонската напредна мисла биле и самите одродени Македонци, кои поттикнати од ситни интереси биле најголеми негатори. И тоа како иронија, симболот за благосостојба и среќа го претвориле во симбол на мачење и смрт, распнувајќи ги луѓето на крст. Македонците биле принудени да го сменат своето верување во нова религија, наречена христијанство, базирана врз македонската вера, со симболот - крст. Но, влијанието на македонската вера е врежана во сеќавањата. Ако во првиот случај крстот означувал симбол на смртта, за Македонците од каменото, бронзеното и железното време како и во христијанството означува симбол на живот. Иако, самото христијанство произлегло од македонската вера со сменети имиња и извртени факти.“ [512]

За крстот како писмен знак, кој се чита, кажува и Саше Ендровски член на групата раководена од проф. Аристотел Тентов кои го проучуваат македонското писмо (наречено демотско). Имено во видео записот од 14-04-2016 г. снимен во ТВ Сонце во емисијата „Македонија мајка на светот“, во 33:48 мин. Саше Ендровски објаснува, дека според сваќањето на Македонците во времето на создавање на каменот од Розета, крстот се исчитува и тоа хоризонталната линија претставува слово „А“, и како цифрена вредност еден, која ја претставува мајката земја, а вертикалната линија на крстот е исто со цифрена вредност еден и се чита како буква „И“. Крстот би се прочитал „ИА“ со значење земја. (завршен цитат)

Духовноста на самиот збор „крст“ може да ја согледаме и во лингвистичката анализа на самиот збор. Во зборот „крст“ се содржи именката од машки род „Р’СТ“. Зборот „р’ст“ ако се озвучи со самогласката „А“, ќе го добиеме зборот „РАСТ“, со значење „става“, „бој“, висок или низок раст.

Едно од поважните појави во природата се: „РАСТот“ на денот, кој се случува во одреден период на годината, кога расте времетраењето на денот а се намалува времетраењето на ноќта. Таков „раст“ имаме и кај месечината, кога секој месец имаме „раст“ или полнење „полнеж“ на месечината. Секоја година од денот на пролетта XXI-ви март, живиот свет почнува да расте, и се размножува.

Сл. 600 Месечева мена.

Мајката Земја во книгата „Зета Македонија“ е наречена МАКЕДОНКА, таа се врти околу сопствената оска. Нејзината оска во текот на една година, осцилира од десно кон лево во однос на видливите cosвездија на небото, а тоа се cosвездието „ламја” и cosвездието „крст” или млечниот пат. Од денот XXII-ри до денот XXV-ти, оската со наклонот стои во место. Тоа е периодот кога мајката Македонка се двоуми дали својата оска да ја наклонува уште кон созвездието аждер, со што ноќта би се зголемувала уште повеќе, и со тоа би настанала

[512] Стр.42

еколошка катастрофа, или пак би направила наклон кон cosвездието КРСТ (денес нарекувано Лебед).

Сл. 601 Созвездие КРСТ.

Сл. 602 Созвездие ЛАМЈА, ЗМЕЈ, ДРАКОН.

Сл. 603 Приказ на осцилација на земјината оска.

Мајката Земја загрижена за своите деца, Господарите - Владетели Македонци, ќе се одлучи својот наклон да го насочува кон созвездието КРСТ.

Како благодарност за мајчинскиот однос на Земјата Македонка и нејзиниот наклон, Господарите - Владетели Македонци одржуваат чествување со жртвени обреди.

Поради формата на cosвездието Млечен пат, каде распоредот на sвездите формираат две вкрстени линии, во облик на КРСТ, тој ден го нарекуваат крштовден, прекршување на денот, крша или скршнување на Земјината оска. Причинско последичната врска на феноменот со местоположбата на созвездието Крст и почетокот на „Р'СТ“ („раст“) на денот и фактот дека во зборот „КРСТ“ се содржи зборот „Р'СТ“ („РАСТ“), претставува пример дека македонскиот јазик е

како одек на природните појави. Тие природни појави во вселената се родени и наредени од мајката Елена, која е родилка на вселената.

Покрај македонската словарница ЦУТНА (наречена кирилица), произлезена од Богот Сонце ИЛИ и како одек на природните појави на Земјата и вселената, така и македонските цифри пролетни (наречени римски) произлегуваат од истите тие појави.[513]

Времето или „верме“, „херме“ односно Хермес (Енох), Тешт (старо сонце), Зет (младо сонце), се претставуваат со една линија на бесконечноста, со цифрена вредност I = 1. Меѓу другото, таа линија е и Земјината оска наречена ИЛ. Земјината оска скршнувајќи од лево кон десно, се прекршува-скршнува. Такви прекршувања има две, во јужната и северната хемисвера. Тоа би се напишало со „V“ = 5, + „V“ = 5 еднакво на десет, или две прекршени линии што ја означуваат цифрената вредност X = 10. Сите овие цифри, кога ќе се соберат, произлегува цифрата XXII = 22, денот на прекршување (осветлување, зголемување) и на самиот ден.

Сл. 604 Прекршување на земјината оска МА и ИЛ.

Сл. 605 Храм во денешен Египет - „Вилае“ 150 г. Македонска ера пред појавата на христијанството.

Зголемувањето на времетраењето на денот е условено од скршнувањето на Земјината оска. Основната карактеристика на денот е појавата на сонцето и сончевите зраци. Поради оваа појава, Македонците сончевиот зрак го нарекуваат и „ЛОМ“- „КРШ“. Сета оваа научна причинско последична врска, поради скршнувањето на оската кон созвездието крст, која преставува основа на животот на Мајката Земја-Македониа, македонскиот народ го преточува во вера, која е православна и тоа е верата во „КРСТОТ“.

[513] Види страна 37

Сл. 606 Мајка куќа-Македонка од неолитот
Жртвеник - Тумба Породин, Битолско.
Отворите се во облик на крст.

Сл. 607 Музеј Св. Николе. На крстот пишува:
„ИЛИ С'ЛИЛ, С'МАК'ДОН“ со значење:
„Богот ИЛИ да пролие дух божји во вид на вода, заедно со синот Македон.

Оваа вера на крстот е верата во скршнувањето на Земјината оска кон созвездието крст, а со тоа и обновувањето на годината во род. Тоа е вера во појавата на појаки сончеви зраци наречени „КРШТ“, кои ќе условат пристигнување на духот божји Македон во вид на вода, персонифициран во Дедо Мраз-Св. Никола. Овој реинкарниран дух божји Македон пак ќе услови богата родна година. Сето ова е вера во СВЕТЛОТО ТРОЈСТВО а тоа е Бог Сонце ИЛИ, дух божји Македон и Господарите - Владетели Македонци, и тоа е вера во создавањето на рајот Македониа.

Оваа вера на „К-'Р'СТО-Т“ е вера во „Р'СТО“ или „РИСТО“. Зборот именка „Ристо“ ја претставува вкупната жива природа, која почнува да 'рти. Значи именките „РИСТО“, „РИС“ и „ИС“ ја означуваат вкупната новородена жива природа а персонифицирана со човек. Тоа е избраниот новороденият единственият ЗЕТ, ИС, РИС, РИСТО, ХЕРМЕС. Латинизираното име на Ристо е Христо или Христос.

Наглиот раст на природата во новата година во род, почнува од денот XXII-ри март, кога во природата го имаме рамниот ден помеѓу денот и ноќта. Тоа е денот на почетокот на природата која „'РТИ“, што значи проникнува, никне, почнува да расте. Најблиска именска форма на зборот „'РТИ“ е „'РТ“ на нештата, кои проникнуваат, како на пример: „'Ртот на гневот“, „'Ртот на Добрата Надеж“ и др.

„Како основа за употреба на овој симбол во христијанството се зема фактот што Исус Христос бил распнат на крст. Како христијански симбол, крстот се наоѓа во христијанските храмови, цркви, манастири, на предметите кои се користат при богослужба. Со крст се обележуваат и гробовите на христијаните. Според христијанството, вертикалната линија на крстот го симболизира божеството, а хоризонталната човештвото. Крстот е директно поврзан и со мачењето и распнувањето на Исус Христос. Разпнувањето на крст било распространето средство на казнување во древнот Рим. Иако тогаш крстот означувал симбол на смртта, во христијанството означува симбол на животот и претставува најсвет знак и симбол. Сите христијански богослужби се извршуваат со христијанскиот крст “.[514]

Заклучок: Именката „КРСТ“, „кршт“, „лом“ е со значење созвездие, земјина оска, сончев зрак, 'ркулец, новородена природа. Симбол на пролетта, поезијата, љубовта, цвеќињата и убавината, зачеток на живиот свет „ИС“. Симбол на науката, уметноста и македонската вера. Симбол на Зета Македониа, македонска цивилизација и историја на светот. Симбол за континуитетот на македонската култура до денес.

Творец на крстот е мајката Македонка. Сето ова крстот ја персонифицира или претставува Македониа, крстот е Македониа.

[514]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A5%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8_%D0%BA%D1%80%D1%81%D1%82

СВЕТО ИЛИ СВЕТЛО ТРОЈСТВО

Во овој истражувачки текст ќе се обидеме да го дефинираме божјото тројство, дали е СВЕТО или СВЕТЛО и да се обидеме да го објасниме нивниот сооднос еден кон друг. Ќе се обидеме да го дефинираме божјиот збор пренесен на обожествениот Енох, Зет или Хермес.

Дешифрираните текстови во оваа книга ни нудат решение кое е тоа свето или светло тројство. Зборот „свето“ е апстрактен поим, кој произлегува од нешто непознато, вишо, недостижно за човекот, произведувајќи чувство на понизност и стравопочит. Терминот „СВЕТЛО“ пак, е нешто поблиско, природно, мило, посакувано, секојдневно, кое се појавува со првиот сончев зрак.

Повеќе пати ќе се навратуваме кон христијаското учење, кое е продолжеток на македонската вера, напишана од Македонци, финансирана од нарачателот Јудејците. Основната цел на нарачателот е таа да, Македонците познавачи на сопствената вера, создадат нова религија со изменети верски приказни, имиња, дати и др. Со тоа што најсветите или светлите симболи ги прикажува како јудејски, како на пример Давидовата sвезда.

Сл. 608 „Давидова sвезда“ денес симбол на јудеизмот, всушност тоа е македонски симбол на сонцето ИЛИ и земјата Македонка во четирите годишни периоди.

„Светото“ тројство, според христијанството е содржано од Бог, Бог Син и Бог Дух. Сите три личности се еден Бог или сите три се посебности. Според логичното сваќање, сите три посебности да се едно, не е сосема сфатливо. Ова несватливост на човечкиот ум, христијанството го толкува како „ограничен ум“ на Македонците од времето на појавата на христијанството за уништување на македонскиот дух, вера и самодоверба за осамостојување, слобода и обединување. Во овој случај се јавуваат повеќе богови и автоматски христијанството се декларира за многубожја религија. Тоа би изгледало исто или слично како змеј со три глави.

Сл. 609

Според дешифрираните текстови во книгава, може да дефинираме само еден **бог** во македонската вера и со правото чествување за слава на еден бог, таа вера е всушност **православна**. Оваа македонска вера се јавува најмалку од пред 400.000 г. Таа вера е монотеистичка, вера на божјата мајка (во вистинска смисла на зборот). Две самовили (невидливи замислени мајки), едната го раѓа Божјиот Поглед а другата ја раѓа вселената со повеќе делови од едно божество - Сонца. Единствениот Бог е Богот Сонце ИЛИ. Третата божја мајка е Мајката Земја Македонка, родилка на Господарите – Владетели Македонци.

Да објасниме веднаш што е самовилата. Самовила на Земјата не е жена, таа е сончев зрак пристигната директно од сонцето или посредно преку месечината. Сончевиот зрак во мислите на човекот се претвора во жена-самовила. Самовилата може да биде и мајка. Оваа самовила составена од светло и темнина (светлото е темно, темното е светло), го раѓа божјиот поглед. Тој поглед се вселува во усните на самовилата мајка Елена, која ќе ја роди вселената. Македонската монотеистичка вера содржи две тројства. **ПРВОТО ТРОЈСТВО** е светото или **светлото тројство**. Тоа се состои од Бог наречен ИЛИ, Дон и Духот божји Македон.

Сл. 610

Македонскиот Бог Сонце ИЛИ е ЕДИНСТВЕН врховен бог. Врховен е поради тоа што се наоѓа на врвот од пирамидите или планините. Тој е врховен затоа што е татко на своите деца, наречени од нивните слуги и поданици ГОСПОДАРИ и ВЛАДЕТЕЛИ Македонци.

Тој во себе содржи повеќе божји особини а тоа се, моќта да создава светлост (Божји поглед), топлина (Божја душа) и молња (Оплодувачка моќ SE). Богот Сонце има уште една особина а таа е што на денот XXII-ри март, денот на прогласување на новиот Зет (Хермес) за господар, го пренесува на својот син Божјото Слово што претставува Божји УМ. Сега умот божји, што претставува слово божјо, покрај тоа што сè гледа оти е највисоко, сè слуша или сè знае за она што мислиме со неговиот подарен ум. Тоа е слично како модерните телефони кои гледаат сè и слушаат сè, сè е снимено-запишано. Сопственикот на системот за комуникација може сè да види и чуе, посредно преку телефонот.

Втората компонента од светото или светлото тројство е ДОН. Што е Дон: Дон е река (како реката Тихи Дон), Дон е морско дно, (како ПосејДОН), Дон е и ниската земја покрај реките и морињата (како Л'нД'н – ЛонДон), Дон е божествена оплодувачка сила, како ДОНАТОР на божјата семенка во пролетта, ДОН Е ПРОЛЕТ.

Третата компонента од светлото тројство е Божјата семенка, која претставува Дух Божји а тој дух е Духот Божји МАКЕДОН.

Од зборот МАКЕДОН произлегува **ВТОРОТО ТРОЈСТВО** а тоа е:

„МА“ е со значење „М'А“ или „МОА“-моја светлина ИЛ.

„КЕ“ е со значење Мајка Земја Македонка.

„ДОН“ е со значење донатор на божјата семенка а тоа е ГОСПОДАРОТ - ГОСПОД МАКЕДОНЕЦ. Подарувајки ја божјата семенка на невестата, тој е спасител на божјиот род ЛАВРОД. Господарт - Господ Македонец е и донатор на умот и словото божјо на своите поданици, кои ја обработуваат земјата за потребите на Господарите - Владетели Македонци. Значи второто тројство или, земно материјално тројство, се состои од преносникот на духот божји - Сончевиот зрак ИЛ, Мајката Земја „КЕ“ и Господарите - Владетели Македонци.

Да го објасниме односот на светото или светлото тројство со земното материјално тројство. Јасно гледаме дека Богот Татко Сонце ИЛИ, секое утро со својата светлост и топлина не спасува од темната и студена НОЌ. Тој е спасител на сопствените деца секојдневно. Богот е спасител на сопствениот род и со моќта за оплодување. Од денот XXII-ри март ја оплодува Мајката Земја Македонка, која ќе го роди вкупниот жив свет наречен „ИС“ – „ИСУС“, „РИС“ – „РИСТО“ (позната е изреката „се роди Ристо“ или „Ристос се роди“). Сето ова Бог ИЛИ го прави за својот син МАКЕДОН.

Во новородената природа се раѓа ИС, РИС, Ристо, ЗЕТОТ или Хермес, Божјиот Македон, господар, божество и Господ на Земјата. Тој се раѓа за да ја објави оплодувачката моќ на својот татко, оплодувајќи ја својата невеста. Подарената светлост, топлина и духот Македон и земјата ДОН, Македон ја обработува со принесување на УЕМ, работа и добра мисла.

Светото или светлото тројство заедно со материјалното или земно тројство е вечно и неуништиво во времето бесконечно. „ВРЕМЕТО Е ДУХОТ БОЖЈИ МАКЕДОН. Тоа се движи по права линија, на оска при што не запира, се движи бескрајно. Духовното време или пак времето на духовноста, е време коешто се создава од почетокот на нештата, оставајќи трагови зад себе, но не запирајќи го својот тек. Тоа време не може да се запре, тоа духовно време е бескрајно. Времето на духовноста, или времето претставено од духовна смисла, не може да запре, не може да стивне, тоа е бесконечно. Бесконечноста на духот, можеме да ја аргументираме со реинкарнацијата. ‘Реинкарнација, буквално значи повторно да се родиш во тело. Се смета за доктрина или метафизичко верување дека некој основен дел од живото битие (во некои варијации се однесува само на луѓето), после смртта сѐ уште живее и се раѓа во ново тело’. Овој основен дел најчесто се нарекува БОЖЈИ ДУХ МАКЕДОН, или душа МАКЕДОНСКА, повисоко јас, или вистинско јас, божествена искра или едноставно ЈАС МАКЕДОН. Терминот „јас“ е лична заменка во еднина. Според ова верување, во текот на секој живот во физичкиот свет се добива нова личност, но е дел од „јас Македон“, кој е постојан во текот на сите животи, таканаречени – инкарнации. Безвременоста пак, можеме да ја сфатиме како незапирлив тек на нештата, нешто што започнува, а не завршува. Таа безвременост е во нераскинлива врска со македонската цивилизација“. [515]

Македонската вера православна пред појавата на христијанството е логична, лесно сватлива за здравиот разум, таа е блиска до Македонците кои ја сметаат како нешто свое. Христијанството може да ја прогласи за погрешна, но таа констатација важи и за самото христијанството. Зошто? Затоа што македонската вера е постара од христијанската религија, која всушност произлегува од неа.

Македонската вера всушност е приказ на македонската наука, јазик и култура за полесно да ја разберат неписмените. Умот и разумот на Господарите - Владетели Македонци не е ограничен, тој е широка лепеза на причинско логички сознанија за светото или светлото тројство поврзано со земното. За разлика од христијанското сваќање на светото тројство, луѓето да бидат ограничени со умот и слепо да ги прифаќаат напишаните библиски текстови полни со нејаснотија и страв од нешто што никој не знае од ШТО.

Поради сето ова македонските тројства се едноствни и јасни полни со СВЕТЛОСТ, како ден.

[515] Стр.74

ОСВЕДОЧЕНА МАКЕДОНСКАТА ВЕРА ПРАВОСЛАВНА ВО МАНАСТИРОТ ШУДИКОВО ВО ЦРНА ГОРА

Во близина на Беране (Црна Гора) се наоѓаат урнатините на манастирот Шудиково. Тој е центар на писмените и културните одлики на македонскиот народ и духовниот живот на оваа македонска провинција од камениот период со континуитет до денес. Не се знае кога е изграден, се претпоставува XVI-ти век, а изгорел на почетокот од XVIII- ти век.

Градската населба Беране го предзема името од Селото Беран, во кој се наоѓа македонскиот манастир „Ѓурѓеви ступови“ (имот), и тоа во периодот од 1213 г. кога манастирот го изградил Стефан Првослав Немањиќ (1174-1244) од македонската династија Немањиќи.

За именката Беране никој не го знае потеклото. Се претпоставува дека значи овен. Именката Беране води потекло длабоко во историјата на Македонскиот народ. Во Македонија го имаме градот Берово, во јужниот дел на Македонија во подножјето на планината Олимп се наоѓа градот Бер, во Зета Мадониа-Македониа (денешна Германија) го имаме градот Берлин и други. Бер е син на божјиот Македон и именката Бер е дел од македонската вера (наречена „Грчка“ многубожја митологија (непостоечка држава во тоа време). Македонскиот народ на територијата Зета Македониа Европа, како и на сите други континенти, како бел човек е автохтон народ во континуитет до денес. Тој е организиран во посебни Зети, што претставуваат господарство, во рамките на една Голема Зета со седиште на Македонскиот Полуостров и нејзиниот центар во Македониа.

Во државата Зета Македониа се воспоставува првиот облик на владеење – ЗЕТУВАЊЕ, со нејзините словесно - славни владетели - Господарите ЗЕТОВИ и НЕВЕСТИ, ТЕШТ и ТЕШТИ, а народот во таа држава обожествени со словото – Македонци.[516]

Македонскиот народ како автохтон на Македонскиот полуостров уште од камениот период на развитокот на општесвениот живот и тоа во континуитет до денес, бил организиран во помали региони наречени ЗЕТИ - господарства. Зетувањето или господарењето било основа на македонската монотеистичка вера-православна.

Еден од примерите за Зетот и зетувањето е и гравир на камен, Кумановски регион, село Младо Нагоричане, Македониа, 400.000 -12.000 години македонска ера пред појавта на христијанството. Дешифриран текст и тран. на сов. Македонски јазик: „КОЊ ЈАВАМ СО ИЛ. ВО ЛЕТ ИТАШ, ЗЕТУ ШУМАНУ ЛИ, (ПРОЛЕВАЈ). ИДИ S’HSAJ, СИЈАЛОТО ОЛИ ГО.“ [517]

За Македонците, Зетот го претставува младото сонце кое се појавува на ден XXV-ти декември, кога денот ќе се зголемува а ноќта ќе се намалува. Најдолгата ноќ го претставува Тештот или старото сонце. Со Тештот и Зетот се персонифицира единствениот македонски Бог Сонце ИЛИ, во склоп на монотеистичка вера православна.

Големиот процут на македонските Зети во Македониа се случува во периодот на владеење на македонските господари од пред 5100 г. македонска ера пред појавата на христијанството се до пристигнување на римските легии во Македонија, кои земјата ја делат, го ограбуваат културното и материјално богатство. Падот на последното македонско царство на Птоломеите се случило во 30 г. македонска ера пред појавата на христијанството, управувано од последната македонска царица Клеопатра VII.

Познато е дека Господарот Филип II (359–336 г. македонска ера п.п.хр.) македонски крал од династијата Аргеади, син на кралот Аминта III. Се стекнал со слава на генијален стратег, храбар војсководец и одличен дипломат. Извршил реформи во војската во однос на тактичките дејств-ија, наоружувањето, вовел справи за исфрлање стрели и камења, ја приклучил коњаницата кон пешадијата формирајки платена војска наречена Фаланга.

[516] Стр.10
[517] Стр.88

Сл. 611

сл. 612

Филип II ја проширил македонската држава на исток а 336 г. македонска ера п. п.хр. ја проширил на северозапад се до Јадранското море. На југ Филип II ги освоил сите градови од безимените луѓе од семитско арапско потекло, со битката кај Херонеја на ден ИЛИНДЕН 338 г. македонска ера пред.п.хр. Филип II во Македониа градел тврдини. Тоа биле градови заштитени со монументални ѕидови со огромни камени блокови наречени „киклопски ѕидини“. Таква е тврдината во Охрид на Габавски рид, долж јадранскиот брег и др.

Сл. 613 Кралска гробница кај Старо Бонче-Македониа.

Македонците преку целата нивна територија граделе светилишта. Оставале писмени симболи да сведочат за нивната вера и култура на живеење со развиено писмо Цутно која ќе биде основа на сите писма и цифри во светот со временски период од најмалку 400.000 г.

Именката за одбележување на територија како држава „Зета“, како и реката Зета во денешна Црна Гора, потекнува токму од камениот период на Македонскиот народ во продолжеток до денес. Средновековна Зета е покраина на повеќе македонски територии и држави, кои ја владеат македонските кралеви Немањиќи од 1.189 г. македонска ера. Името Зета е задржано и како зетска бановина се до Кралството Југославија 1941 г.

Сл. 614 Држава Зета.

Сл. 615 Манастир во Беране, изграден од Немањиќи.

Сл. 616 Родословие и Декрет на македонскиот цар Стефан Милутин Немањиќ 1299 година,

пишува:

„БЛАГОЧЕСТИВАГО И ХРИСТАЉУБИВАГО ЦАРА СТЕФАНА МАКЕДОНСКАГО, СЕРПСКАГО, БОГАРСКЕГО.. ДАЛМАТСКАГО, АРБАНАШКАГО, ВАЛАХИСКАГО (ВЛАШКИ).. ПРЕДЈЕЛОМ И ЗЕМ..ЦА. СУШТАГО (КОЈ ШТО Е) МИЛОСТИЈУ ВАШЕГО БОГА [ИСУСА ХРИСТА]. ЗАКОН И УСТАВ ПОСТАВЛЕНИА ВЛАСТО(?) 6087 (ОД ПОСТАНОКОТ НА СВЕТОТ) И ИНДИКТИОН 20 НА ПРАЗНИК ВОЗНЕСЕНИЈА ГОСПОДА НАШЕГО ИСУСА ХРИСТА МЕСЕЦА МАЈА ДЕН 20.“ [518]

Дел од писмените споменици на Македонскиот народ е и каменот со македонски натпис од манастирот Шудиково со димензии: 0,94м.,0,87м., и 0,54м.

Сл. 617 Урнатините на манастирот Шудиково. Сл. 618 Камен со македонски натпис.

Претпоставка е дека натписот на камен е со старост од 7.500 г. македонска ера пред појавата на христијанството, (според книгата „Бихор и Билеќа“ од Вуќиќ Губериниќ).
На каменот е дешифриран текст кој гласи: „ИЛИ Т. ИНИ ИЛИ И S ИТИ. С МОИ БОГ ИЛИЈ, БОГИ УЈ, БОГИ ЛИЈ. Л’Г ЛИЛ. ИМИ Г’ГИ.“

Транскрибирано на современ македонски јазик гласи:

1. ИЛИ ТИ.
2. ПОИНАКОВ ИЛИ ГО ГЛЕДАМ ИТА.
3. МОЈ БОГ ИЛИЈ, БОЖЈИ ДАР, НА БОГИЊАТА ЛИЈ.
4. НАЛЕЈ ЈА ЛЕДИНКАТА.
5. НИВ ВОЗЉУБИ ГИ.

[518] Стр.408

Оваа молитва се однесува на единствениот Бог Сонце ИЛИ, младото сонце нарекувано со именката Зет. Молбата до богот ИЛИ е тој да ја оплоди Божјата Земја Македонка, а нејзините деца или божјите синови да ги возљуби. Овој камен се наоѓал на некое возвишение во непосредна близина кое служело како опсерваторија. На ден XXII-ри март се номинирал младиот Зет што претставува младо сонце, Божество ИЛИ на Земјата.

Сл. 619 Дешифриран текст.

Според денес наречените Бугари и Срби и нивните изјави во книги и брошури, натписот на камен е прабугарски или прасрпски, што значи натписот е создаден пред создавањето на бугарската и српската држава, („пра“ е со значење пред). Единствен познат народ пред да се формираат таканаречените Бугари и Срби е македонскиот народ со најстаро име на светот, најмалку од 130.000 г. Според бугарските аналитичари симболот би можел да значи божество. Се среќава многу често на територијата на денешна Бугарија. Според моето мислење овој знак е симбол на божеството Сонце ИЛИ на кој може и да се прочита ИЛИ. Овој симбол се среќава на сите пет континенти.

Најпознатиот и најстариот симбол на македонскиот народ е КРСТОТ.

Сл. 620 Симболот на македонското божество ИЛИ, содржи писмени и цифрени знаци.

Сл. 621 Источноазиски азиски симбол за ОГАН. Најголемиот оган во природата е Сонцето ИЛИ.

Македонскиот симбол за БОГОТ ИЛИ се среќава секаде низ светот, поради фактот што Македонскиот народ живеел од секогаш на сите пет континенти.

Сл. 622 Зета Македониа Прекуокеански Северен Цут (денес наречена Невада во С.А.Д.), 14.500 – 10.400 мкд.е.пред.п.хрис (стр.338)

сл. 623 Македонска носија-Мариово.

„Значи, крстот претставува симбол на раѓањето на новиот обновувачки процес, врз основа на смртта на зимата да се роди пролетта Дон, ЦУТ, пролет, возобновувањето помеѓу два бога, Богот ИЛИ и „Богот“ Македонец преку допирот на две букви „А“ или два триаголника и две пирамиди во една точка. Тој е симбол на духовното и материјално обновување.“ (види страна 42).

Симболот на Македониа КРСТОТ се појавува и во христијанството. Одродените Македонци формирајќи нови племенски заедници го претвориле во симбол на мачење и смрт, распнувајќи ги Македонците на крст.

Сл. 624 Микеланџело Буонароти (1475-1564 г.) распетие, нарачка од македонската фамилија Медичи. во облик на скриена порака ИЛИ.

сл. 625 Зета Македониа Сончев Зрак, Пештера Lene Hara – Индонезија, 6.000 – 2.000 г. македонска ера п.п.христијанството.

Македонските Зети-господарства во период од најмалку 400.000 години, со одредени подеми и падови предизвикани од меѓусебни борби и пљачкосувања, опстојуваат се до појавата на градот држава Рим и појавата на новата религија, создадена врз темелите на македонската вера наречена христијанство, формирана од Македонци противници на сопствениот род.

Патем, зборот „ШУДИКОВО" го има следново значење. Шуди или суди. Да се запрашаме на кого се судело? Според дешифрираниот текст на камениот блок, тој служел за принесување жртва на Богот ИЛИ. Каменот бил светост и молитва на македонскиот народ во таа света област, каде се славел богот ИЛИ и неговиот син ДОН, ДИОН, ДИОНИС и Мајката Земја Богињата Македонка.

Во именката Шудиково се содржи зборот „диково" во Македонија познат е топонимот Дихово. Претпоставка е дека „диково" е произлезено од зборот „ДУХОВО". Од тука може да кажеме дека топонимот „диково"-„духово" го означува продуховеното место каде се наоѓа Духот Божји. Народот кој го славел тој Дух Божји со нивната вера „православна" и нивниот Бог ИЛИ и нивниот дух божји МАКЕДОН е македонскиот народ.

По освојувањето на Македонскиот полуостров од Римјаните, ова светилиште било уништено. Каменот со натпис место симбол на среќа и обожување на верата македонска, бил претворен во место за суд и осуда на Македонците кои продолжиле да си го слават својот бог. Наместо „духовно" место, тоа било претворено во „Шидиково" место за осуда и убиства или прогон на Македонците.

За време на турското владеење на Македонија, повеќето Македонци патриоти, како значајни личности отселени од Македонија, се обидуваат да помогнат со свои проекти на Македонскиот христијански народ за ослободување. Меѓу нив позначајни се шпанскиот проект од 1600-1620 година на Карло Емануел Први Савојски (1606-1609); на тосканскиот дук Казимо Втори Медичи (1606-1611), проектот на францускиот крал Луј 14 (1685-1686) и др.

Македонскиот народ близок до својот Бог ИЛИ или Св.Илија, се крева на востание за ослободување од Турците 1903 г. на ден ИЛИНДЕН. На 02 август 1944 година, ден ИЛИНДЕН се одржува првото заседание на АСНОМ, кога е прогласена МАКЕДОНИЈА ЗА СЛОБОДНА ДРЖАВА.

Борбата на Македонскиот народ трае 2046 г. од падот на македонската држава на Клеопатра VII до денес. Оваа ера на христијанството ќе пропадне за 132 г., кога Зета Македониа Европа ќе се покае за неправдата што е направена над Македонскиот народ и неговата вера православна. Тогаш ќе се случи чудо Божјо, кога Македонците ќе се вратат кон изворот и почетокот на верата во Бог Сонце ИЛИ и повторно се рашири на сите пет континенти.

МАКЕДОНСКА SВЕЗДА НА ПРОЛЕТТА

Свеќникот со седум краци е пронајден во стар одводен канал во Ерусалим од тимот предводен од професор Ronny Reich и Eli Shukron. [519]

Изгравираниот камен се смета дека потекнува веднаш по појавата на христијанството, што всушност претставува македонска ера. Претпоставка е и дека гравирот, според скриениот текст во него, како лигатура, е многу постар.

Камен со гравура во облик на свеќник со седум краци.

Македонско сонце со sвезда на пролетта.

Сл. 626

Гравурата на Македонскиот свеќник со седум краци се среќава и во Зета Македонија Прекуокеански Цут – Невада, датиран 14.500-10.400 години македонска ера пред појавата на христијанството. На гравурата пишува: „С'Л JAC У ИЛА“, транскрибирано на современ македонски јазик: „САМО JAC ВО ИЛА“.

Зета Македониа Прекуокеански Цут-Невада 14.500-10.400 г.МКД е.пр.п.х. - свеќник.

Зета Македониа Востанија (Тајланд Khao Pla Ra) свеќник 3.000 г. македонска ера пред појавата на христијанството.

Сл.627

Цртеж кој потсетува на свеќникот со седум краци исто така се среќава во Зета Македониа Востанија – Тајланд. Тоа е всушност лигатура каде пишува: „МАКЕДОНИА ЗЕТА НАША, ЛИЕ ИЛ СО ЉУБОВ ИЛИ И ВОСТАНИ, ИЛ АТ НАРОСУВАЈ, ОПЛОДУВАЈ, ОПЛОДИ МАДОН“. [520]

Давид по Светото Писмо бил вториот цар (крал) на Јудејското царство.Според легендите, Давид бил наследник на првиот цар Саул и наводно владеел од 1005 г. македонска ера пред појавата на христијанството до 965 г. македонска ера пред појавата на христијанството. Некои историчари сметаат дека кралот Давид никогаш не постоел. Науката и археологијата до денес не пронашла опиплив доказ за постоењето на кралот Давид. Единствен доказ за постоење на кралот Давид е Библијата. Библијата наводно била пишувана од четириесет научници во временски период од 1500 г. македонска ера пред појавата на хрис. до 100 г. македонска ера по појавата на христијанството.

Според мое мислење, идејата за раѓањето на нова религија, денес наречена христијанство, можеби првично се појавува меѓу околните племенски заедници противници на Филип II. Најголем замав за појавата на христијанството е по смртта на неговиот син Александар Македонски, поинтензивно се работело на ширењето на новата религија христијанство,

[519] http://www.biblicalarchaeology.org/daily/biblical-sites-places/temple-at-jerusalem/understanding-the-jewish-menorah/.
[520] стр.341 и стр.293

воспоставена врз темелите на македонската вера. Македонското царство се дели на повеќе Зети Македонии. Секоја новоформирана Зета сака да го има приматот во производството и трговијата. Настапуваат долготрајни граѓански војни. Се нарушува стабилноста на комплетната Зета Македонија Европа.

Оваа нестабилност во центарот на светот Македонија, на воен план, го користи градот држава Рим, формирана од Македонци, кои ја пренесуваат вкупната војна и научна мисла од Македонија во Рим. Тоа се воени профитери одродници на својот род ЛАВРОД.

Го менуваат новосоздадениот македонски службен јазик од времето на Александар Македонски КОИНЕ („којне“ со значење „кој уште не би го знаел овој јазик, составен од сите македонски дијалекти). Незначително ја менуваат македонската еднобожја вера на Богот Сонце ИЛИ. Прогласуваат многубожјо верување со измена на имињата на божјите карактеристики, обожувајќи ги како посебни богови. На тој начин градот држава Рим ги освојува ослабнатите од граѓанските војни новоформирани македонски зети. Со падот на последната Зета Македониа АР на МА (денес наречен Египет), 30 години пред појавата на христијанството со последната царица Клеопатра II, се воспоставува новиот поредок кој трае до денес.

Овој поредок е владение за уништување и ограбување на неисцрпниот извор-македонската ризница полна со наука, култура, јазик и писмо, основа на сите македонски зети во Зета Македонија Европа. Градот држава Рим во борба за самоодржување и лични стратешки интереси ја гради својата среќа и благосостојба, врз уништување на сопствениот македонски корен и коренот на светската македонска култура од пред 400.000 г. Како последица од римското градење на среќата врз несреќата на Македонците, настапуваат граѓански војни помеѓу Македонци во Зета Македониа Европа.

Целиот овој хаос го користи едно самопрогласено племе Јудејци. Тие активно се вклучуваат во борбата против Македонскиот народ. Нивната цел е освојување на воспоставените македонски трговски врски во Зета Македониа Европа. За таа цел од поробениот Македонски народ се врбуваат научници-одродници, за да напишат нова македонска религија. Тие за мали пари и општествени позиции ја пишуваат новата македонска религија. Научниците се повикуваат на сопствената традиција и верување. Се повикуваат на воспоставените контакти од искона помеѓу Енох, Зетот или Хермес со Богот Сонце ИЛИ, кој комуницира од врвовите на планините по најкус пат, под права линија. Тоа верување во непосреден контакт помеѓу Зетот и Господарот - Господ Македонец е наречено ВЕРА ПРАВОСЛАВНА. Зетот од Бог го прима писмото, словото (реч), а со тоа и јазикот, науката и др., како Господар - Господ на Земјата. Сето ова го запишува во книги, на коска, камен и земја. Зетот свесен за тенденцијата на своите браќа, владетели во сите одвоени племенски заедници од Македонскиот народ, свесен за уништувањето на сопствениот корен, божјото знаење го запишува во вселената со распоредот на ѕвездите, на земја со огромни димензии како во пустината Наска (денешната територија на Перу) и низ целиот свет гради неуништиви вештачки планини како пирамиди со километри долги подземни ходници.

Наемниците, одродени Македонски научници, со помош на воената римска машинерија платени од Јудејците, ги уништуваат сите записи, како на пример записите во Александриската библиотека. Тие прават преписи со извртени факти на веќе уништени оригинали.

На сите македонски верски вредности и симболи, им го менуваат значењето. На пример, верата православна ја нарекуваат ХРИСТИЈАНСТВО, синот божји Македон го нарекуваат Исус. На едно од најсветлите симболи крстот (со значење крескање -светка , л’шти, крстот претставува кршт – прекршување на денот или ЛОМ што претставува сончев зрак или првиот ден на пролетта XXII-ри март) му го менуваат значењето. Крстот како симбол на новата година во род, симбол за навестување на среќата и благосостојбата, го користат како симбол за мачење и смрт на Исус, новороденот син божји Македон. Духот божји Македон го претвораат во ѓавол, а Македонија рајот на Земјата со уништување на македонската уметност и архитектура, наука и вера, ја претвораат во пекол. Присвојувањето на македонските симболи трае до денес.

Симболот на двете македонски светли тројства ТРИАГОЛНИКОТ, најверојатно во XVIII – XIX век го подаруваат на своите нарачатели и на тој начин станува симбол на Јудејците. Двата триаголника, како две светли тројства ги вкрстуваат во форма на ѕвезда. Македонскиот карактер на оваа ѕвезда е во тоа што триаголниците формираат македонски цифри ЦУТНИ (наречени

римски) два пати по десет, што ја симболизира пролетта или четирите годишни периоди и два триаголника, како две свети или светли тројства.

Сл. 628

Македонската sвезда наречена Давидова sвезда, води корен од камениот период на Македонскиот народ, во разни форми, издолжени или рамностртани. Симболот на двете свети тројства е се уште присутен во Македонија, преку македонскиот вез и ќилим.

Сл. 629

Според научниците постојат 5.400 копии на македонски „оргинални записи“, на службениот македонски јазик КОИНЕ, кои се во согласност со македонската вера. Оние записи кои се пишувани на народниот македонски јазик се систематски уништувани. Се разбира поголем број на преписи има на други новоформирани јазици како македонски дијалекти во Зета Македонија Европа, од прилика 19.000 ракописи, кои се во согласност со направените фалсификати. При фалсификувањето на ракописите од македонската вера се јавувале и некои недореченості, чие оправудање самите денешни фалсификатори го препишуваат на исчезнатите ракописи или ракописите кои се уништени.

Поголем број од триесет и девет книги на стариот завет се напишани на хебрејски јазик, а дваесет и седим книги на Новиот завет се напишани на македонскиот службен јазик КОИНЕ и народен македонски јазик. Научниот свет сака да се врати кон корените на записите од стариот

и новиот завет за утврдување на веродостојноста на библијата. Тие ги користат сомнителните осум преписи (манускрипти) од само еден од многубројните македонски историчари Херодот, кој е осново-положник на модерната историја во Зета Македониа Европа. Најстар македонски запис е Хомеровата „Илијада и Одисеја“ (со значење „ИЛИ“ – македонски Бог Сонце, „АДА“ – остров, земја или Македониа со повеќе езера и острови, „ИЛИАДА“ е и со значење цифрена вредност 1000. Зборот „ОДИСЕЈА“ е со значење оди и сеј).

Но, тие не знаат или премолчуваат дека сите тие записи се настанати сто години по нивното објавување, изменети од моќната власт и државниот апарат во тоа време. Си придодаваат огромно значење, наводно поради светоста на зборот кој потекнува од Бог, уредно и точно препишувани. Констатацијата е едноставна. Преписите се веродостојни едни на други само кога зборуваат за омаловажувањето и уништувањето на македонаската вера, која опстојувала во оргиналната форма, во продолжеток од 400.000 г. се до падод на последното македонско царство и појавата на изменетата македонска вера наречена Христијанство.

Единствени оргинални записи можат да се прочитаат и анализираат само со македонскиот јазик и македонската азбука ЦУТНА (кирилица и латиница) на сите пет континенти со записи на коска, камен и земја.

Покрај другите книги кои ги обработуваат цртежите и записите од камениот период на Македонскиот народ е и книгата „Зета Македониа“.

Најстариот македонски препис на Библијата потекнува од IV век македонска ера по појавувањето на христијанството, пронајден на територија Зета Македонија Меѓупоточна (денес наречена Месопотамоја и источна Сирија). Наводно постари фрагменти од записи пронајдени се и во Зета Македониа Ар на МА (денешен Египет).

Поробениот Македонски народ со неговиот гениален ум, лесно се прилагодил кон новите извртени гледишта од македонската вера. Христијанството имало голем успех во доприносот за експлоатација на Македонците во Зета Македониа Европа, Зета Македониа Меѓупоточна и Зета Македониа АР на МА. На духовен план христијанството претрпело голем неуспех, а тоа е вове-дување на СВЕТЦИТЕ во религијата како на пример. Св. Илија кој го претставува македонскиот Бог Сонце ИЛИ, Св. Ѓорѓи го претставува ЗЕТОТ кој го убива змејот или зимата и т.н.

Со појавата на Новото Македонско царство во IV век на Македонците Св. Константин и Елена наречено од Зета Македониа Европа како Византија, почнува РЕНЕСАНСАТА на македонската вера и повторно и е вратено името ПРАВОСЛАВИЕ.

Новото македонско царство со седиште во Цариград, повторно го предзема приматот во светската трговија и произвотство, воспоставено од Филип II и Александар III Македонски. Како пандан на Православието, Јудејците ќе помогнат за појавата на нова религија Муслиманство.
Надежта за враќањето на македонската вера Православна од камениот период на Македонскиот народ, кај ГОСПОДАРИТЕ - ВЛАДЕТЕЛИ МАКЕДОНЦИ со својот Бог Сонце ИЛИ – Свети ИЛИЈА е огромна.

НАТПИСИ ВО СТИХОВИ КОИ СВЕДОЧАТ ЗА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА

На територијата Зета Македонија Пиринејска (денес таканаречена Шпанија)

Откриените петроглифи, поточно во MOLINO BARREÑO, MARAGATERÍA (LEÓN) и регистрирани од Juan Carlos Campos (Хуан Карлос Кампос) имаат форми за кои самите истражувачи сé уште немаат јасни сознанија.

Сл. 630

Евидентираните петроглифи се наоѓаат на сливот на две мали сезонски потоци, кои во текот на летото од топлината се сушат. Некои од гравирите на карпа се видливи и во периодот кога тече вода. Постојат и други изгравирани карпи во близина на овој локалитет, за кои аналитичарите сметаат дека се знаци за одбележување на планетите. Од повеќето карпи со различни резби, најзагадочни за истажувачите се овие на слика 2 и слика 4, кои никако не можат да се толкуваат како зодијачки симболи.

Сл. 631 Две триаголни форми, кои се преклопуваат.

Покрај оваа, како што ја нарекуваат триаголна резба, се наоѓа според нив најзагадочната изрезбана карпа (слика 4). Има многу мали димензии, едвај 20 см во дијаметар. Од средиштето излегуваат осум линии, кои формираат фигура на ѕвезда. Нејзинито толкување за истражувачите е комплицирано и велат дека може да симболизира соларен симбол или друга ѕвезда. Сè друго е мистерија, и прашањето за потеклото на овие остатоци од минатото, како и за тоа со која цел и кој ги направил останува отворено.

Според нашето истражување, а потпирајќи се на истражувањата и констатациите напишани во книгата „Зета Македониа“, гравирите потекнуваат од камениот период на Македонскиот народ и тоа од пред 32.000 – 14.400 г. македонска ера предд пој.на хрис.

Гравирот со два вкрстени триаголници е апстрактно-симболичка претстава на дел од македонската вера „православна“ со правото, праведното, вистинското слово, за достоинствениот Македон по најкус пат да комуницира со Богот Сонце ИЛИ. Тоа се двете свети тројства: свето и световно, симболизирани со овие два триаголника и тројството на Божјиот син ИС.

Сл.632

Воедно, овие два вкрстени триаголника, како и многу други во овој регион и на сите пет континенти се ремек дело, дело кое во себе крие знаковно-говорна шема, скриена порака во вид на ЛИГАТУРА.[521]

Симболиката на гравирот е следнава: Гравирот е составен од два вкрстени триаголника. Вкрстените триаголници формираат во средишниот дел помал триаголник. Триаголниците се стилизирана претстава на три пирамиди и тоа, пирамидата на Богот Сонце ИЉО, пирамидата на богородица на воскресението земјата Македонка и пирамидата на божјиот син МАКЕДОН.

Пирамидата на Сонцето го симболизира светото или духовното тројство и тоа Бог Сонце ИЛИ, божји ДОН, и духот божји Македон. Пирамида на Земјата Македонка го симболизира световното материјално тројство и тоа сончевиот зрак ИЛ, божјата Мадон и Господарите - Владетели Македонци. Малиот триаголник произлезен од двата поголеми триаголници го симболизира тројството на божјиот син односно Господарите - Владетели Македонци. Тој се состои од, божјиот син ИС, дух божји Македон и Македонија рајот.

Вкрстените триаголници формираат цифри. Пет плус десет плус пет плус два, е еднакво на дваесет и два. Цифрата дваесет и два ги означува четирите годишни периоди, XXII-ри декември, најдолгата ноќ и најкусиот ден кај македонскиот народ наречен КРШ или прекршување на денот кога ноќта се намалува, а денот се зголемува; XXII-ри март летната рамноденица; XXII-ри јуни летната долгоденица; XXII-ри септември есенската рамноденица.

Рамноденицата, особено пролетната, играла значајна улога за културниот развиток на Македонската цивилизација од минатото на сите пет континенти.

Пролетните празнувања се најсветлите обележја на македонските народни обичаи, кои со својата волшебна моќ ги обединувала душите на Македонците во заедничките стремежи за опстанок и подобар живот. Македонските празнувања се во чест на ДОН – пролетта, поезијата, љубовта, цвеќињата и убавината, зачеток на живиот свет „ИС“. Празнувањата се во чест и на науката, уметноста и македонската вера или вера во единствен Бог Сонце ИЛИ. Тоа се Дионисовите игри во чест на Зета Македонија, македонска цивилизација, што претставува историја на светот. Тоа се празнувања во кои луѓето верувале дека се случува измивање на

[521] Стр.11

душите, простување на гревовите, доминација на разбудената пролетна светлост врз зимската темнина, што ги притискала нивните души.

Рамноденицата како процес, основна двигателна и појдовна точка, е најклучен и најзначаен момент на целокупната шема за разбирање и одгатнување на културата на живеењето на божјиот народ, кој живеел во големата Зета Македониа, а со тоа и на територијата Зета Македониа Пиринејска. Тргнувајќи од овој природен процес, дознаваме повеќе аспекти од животот на луѓето од временскиот период на Зета Македониа.

Македонците своите пораки кон Бог и кон другите луѓе ги пренесуваат со писмо во вид на стихови. Тоа е првиот вид на уметнички литературен израз во светот наречен поезија. Општествено политичките пораки Македонците, покрај тоа што ги пишувале во стихови, на оригинален и иновативен начин, на мал простор, пишуваат и писмени симболи во вид на ликовниот израз ЦРТЕЖ-ЛИГАТУРА или скулптура-лигатура. Напишаните симболи формираат форми исто како источно азиските симболи, создадени од Македонците, кои во себе кријат говорна порака, а воедно го кријат значењето за македонската вера во единствениот Богот Сонце ИЛИ.

Еве еден пример на претстава на два триаголника, симбол формиран од букви од Равенија, Беломорска Македониа, 6.500 – 3.000 години македонска ера пред појавата на христијанството. (денес окупирана од безимено племе и држава со измислено име.)

Сл.633

На печатот пишува: „СО ИЛИ ГЛЕДАМ СВЕТИ МАДОНА“[522]. Печатот претставува симбол на моќта, со кој се одобрува или забранува. Зад печатот стои владетелот, Зетот и божеството на Земјата, а зад владетелот стои науката, верата и војската.

Печатот е во форма на Сонце и сончеви зраци. Средниот дел на печатот со натпис, претставува ОКО на Богот ИЛИ, кое сè гледа исто како владетелот. Окото е сместено меѓу два триаголника, симбол на Господарите - Владетечо Македонци, како и на двете свети тројства. Триаголниците претставуваат пирамиди за пренос на духовната и световната енергија.

Сл. 634

[522] Равенија, Беломорска Македониа, 6.500 – 3.000 години македонска ера пред појавата на христијанството. (денес окупирана од безимено племе и држава со измислено име.) стр. 106

Гравирот од MOLINO BARREÑO исто како и печатот од Беломорска Македониа, покрај геометриско-симболичка порака во себе крие и писмени знаци. Тој крие во себе божја порака напишана со уметнички израз лигатура на македонски јазик со македонско писмо ЦУТНО и македонски цифри ПРОЛЕТНИ (наречени римски). На гравирот се препознаваат следните слова: А, В, Д, И, Л, Љ, М, Н, О, Р, У. Од овие слова произлегува СЛОВОТО БОЖЈО, кое гласи: „ОД ИЛ УМ ВО РОД ЛАВРОД. ИЉО МАДОН ВАРДАР, ДУНАВ МАДОНИЈА.“

Словото божјо: „ОД ИЛ УМ ВО РОД ЛАВРОД“ се отсликува на следниот гравир наречен Сонце.

Сл.635 Гравирот

сл. 636 Македонски вез.

Гравирот е симбол на Сонцето ИЉО со неговите зраци ИЛ. Со точката во средина и осум точки на осумтте сончеви зраци. За точката прочитај на стр.40.

Словото божјо: „ИЉО МАДОН ВАРДАР“ е со значење.

Богот ИЛИ/ИЛЕ и божјата МА – МАДОН се неизбежен дел од една целина, на едно верување. Тие взаемно ја оформуваат целосната слика на концептот на македонската цивилизација од периодот, кога се создава гласот, буквата и првите пишани материјални остатоци, и сликовитото претставување за светот што не́ опкружувал преку цртеж-лигатури и симболи.

Сонцето како најважна и најзначајна појава, во македонската ВЕРА се именува како Бог ИЛИ, ИЛЕ, ИЉО, Зет, Тешт, Хермес, а неговите зраци се именуваат со носителот на духот божји Македон – „З“ зрак, „S“ поглед – молња и сончев зрак наречен ИЛ.

Богот Сонце ИЉО и Големата мајка Македонка, односно нивната концепција е содржана во македонскиот збор ВАРДАР.

Зборот „ВАРДАР“ може да се расчлени на зборовите „ВАР“ и „ДАР“.

Зборот „вар“ на македонски значи „БЕЛО“. Тоа е корен на зборот „ВАРОШ“ со значење групирани куќи за живеење, заштитени со високи ѕидови, како на пример: Гостивар, Вараждин, Темишвар, Варшава и др. Вар е име и на ѕид кој е бел, направен најчесто од варовник. Именката Вардар означува и река, која тече околу ѕидовите и кулите на Варош или минува низ самото населено место. Вар со значење бело, посочува и страната на светот – западот, за разлика од истокот кој се означува со црвено. Северот се означува со именката „БАР“ со значење ЦРНО. Од зборот „БАР“ произлегува зборот „АМБАР“ чие значење е кула во која се чува жито или собрано „ДОБРО“, а добро означува имот. Југот Македонците го означувале со зелено.

Вториот дел на именката Вардар е „ДАР“. Зборот „ДАР“ означува дарба, подарено или дадено од Бог или подарено од реката. „ДАР“ е и река а „ДЕРЕ“ е корито. Во овој случај дешифрираниот натпис „ИЉО МАДОН ВАРДАР“ го добива следното значење: Богот Сонце ИЉО подарува вода во вид на река со длабоко дно на земјата Македонка. Именката Мадонка значи „МАЈЧИН ДАР“. Од тука произлегува дека реката Вардар е и дар од Мајката Земја Македонка.

Според симболиката на гравирот, подарокот е за Господарите - Владетели Македонци кои живеат во близината, во градчето MOLINO BARREÑO, кое се наоѓа од северната страна на некоја одредница, или тоа е место кое ги користи благодатите на реката Вардар, како на пример воденица за мелење жито и слично.

Именките „ДУНАВ, МАДОНИЈА“ се анализирани на следниов начин. „ДУНАВ“ или „ДУН“ е дно, река со длабоко дно. Од зборот „ДОН“ произлегува „ДАР“ или „ДИАР“, што означува: дрво,

живеалиште, земја, област. Од тука произлегува именката која се однесува на областа покрај реката, која се вика МАДОНИЈА или МАКЕДОНИА.

Ваков назив се среќава по течението на реката Дунав.Тоа се локалитетите „Зета Мадонија - Македониа, Македонски полуостров, (денешна Србија) 7.300 – 6.800 г. македонска ера, Зета Мадонија - Македониа, Павлов, (денешна Чешка) пред 31.000 – 27.000 г. македонска ера.

Сл. 637

Реката Вардар во Македонија тече од север кон југ. Таа река е божји дар, „Дун“, „Дунум“, „УМ“, нулта меридианот како центар на светот. Реката Вардар во пролетта XXII-ри март, преку морињата, го подарува на светот целиот „УМ“, писмо, јазик и култура на живеење, во слава на единствевиот Бог Сонце ИЛИ, во слава на единствената мајка Мадонија или Македонија. И во слава на единствениот негов син „ИС“, „ИСУС“ во кого е присутен духот божји МАКЕДОН, тоа е синот месија, единствениот „Енох“, „Зет“, Тешт“, „Хермес“.